# Популаризација и промоција на читањето и развивање на читачката култура кај децата (Карван на читање)

м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник
м-р Гонца Запрова Анастасова, виш библиотекар
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ – Струмица
(a.mileva@yahoo.com
zaprovagonca@gmail.com )

Веќе **три години**, **Карванот на читање** патува низ нашата општина и низ училиштата во општината, носејќи ја љубовта кон книгата и раскажувањето на приказни до стотици деца. Проектот започна како мала иницијатива но со голема идеја: **да се направи читањето достапно, интересно и живо искуство за секое дете, без разлика каде живее**.

Со текот на времето, карванот прерасна во **препознатлива иницијатива**, која успешно ја негува и развива **читачката култура, креативноста и љубопитноста кај децата**.

**Општа цел на карванот беше** да ја поттикнеме љубовта кон читањето кај децата преку мобилни, интерактивни и забавни активности кои ќе ја развиваат читачката култура, критичкото мислење и креативноста.

**Како посебни или специфични цели би го потенцирале следново:**

1. Да создадеме позитивна асоцијација со читањето како активност која е интересна и забавна.
2. Да понудиме квалитетна литература во руралните и недоволно посетените средини.
3. Да поттикнеме на креативно и критичко размислување преку интерпретација и создавање приказни.

4. Да се вклучи поширoката заедница – наставници, библиотекари, родители – во процесот на развој на читачките навики кај децата.

**Целна група:**

- Ученици од 1 до 9 одделение
- Наставници и лични асистенти
- Родители
- Библиотекари и автори

**Методологија и активности:**

**Патувачка библиотека**

**- Посета на рурални места и училишта.**

**Интерактивни читања со драмски настап**

**- Претстави со читање на приказни и басни од страна на библиотекари, наставници или на самите деца.**

- Вклучување на деца во интерпретација преку реквизити и глума.

**Креативни работилници**

- Изработка на сопствени мини-книги, илустрации, стрипови, приказни.

- Работилници на теми: пријателство, природа, храброст, различност и прифаќање на различностите, другарство, семејство и семејни врски и односи во семејството, љубов, почит, насилство, булиг итн.

Во ноември 2023 година, Библиотека „Благој Јанков Мучето", Струмица во соработка со Europe House Струмица, заедно го започнаа Карванот на читање, со деца од основните училишта од Струмица и регионот. Карванот започна со посета на децата од ООУ „Борис Трајковски", а продолжи во ООУ „Маршал Тито", Струмица, во ООУ „Мануш Турновски" Ново Село и ООУ „Гоце Делчев" Василево, ООУ „Сандо Масев" Струмица, ООУ „Видое Подгорец" Струмица.





Карванот почна со читање и обработка на книгите за деца „Трите мали волчиња“ од Евгениос Тривизас и сказната „Трите прасиња“, учениците се запознаа и дискутираа за овие прекрасни дела.

Покрај поттикнувањето на културата на читање со оваа активност, што во крајна линија е и суштината на овој проект, целта ни беше да ги поттикнеме најмладите да развијат вештини за критичко размислување, а

во исто време да ги поттикнеме да читаат и да го негуваат македонскиот јазик.

„Карванот на читање“ продолжи да ги инспирира децата, да ги поврзува заедниците и да им покажува на сите дека читањето не е само учење – туку **волшебно доживување**.

**Временска рамка** – еден месец (поврзано со месецот на книгата)
**Очекувани резултати -** вклучени најмалку 300 деца; **Активирани 6 училишта, со повеќе од 30 одделенија.**




**Карванот на читање 2024**

Карванот на читање во 2024 година започна по повод 2 април, светскиот ден на литературата за деца. Беше посетено ООУ „Гоце Делчев“ – Босилово и ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица, а посетата беше работна со цел децата, што повеќе, да се запознаат со придобивките од

читањето. Се читаше и се правеше компарација помеѓу запишаната народна приказна „Рокчето“, запишана од Иван Котев и истата приказна со истиот мотив преработена од Никола Маџиров со истиот наслов „Рокчето“.

**Временска рамка – 10 дена**

**Очекувани резултати -** вклучени најмалку 200 деца;

**Активирани 3 училишта, со повеќе од 10 одделенија**

**Карван на читање 2025**

Оваа година Карванот на читање започна на 2 април. Овој датум е избран во чест на плодниот дански автор Ханс Кристијан Андерсен - автор на повеќе од 150 творби за најмладите.

На 23 април – Светскиот ден на книгата и авторското право имавме завршен настан на Карванот на читање кој се одржа во Градската Галерија и на Плоштадот „Гоце Делчев“.

Благодарение на соработката меѓу училиштата и библиотеката, се создаде простор каде што книгата повторно доби централно место – не само како извор на знаење, туку и како извор на радост, имагинација и креативност. Целта на оваа литературна дружба беше промовирање на љубовта кон читањето кај најмладата читателска публика и развивање на читачката култура.



**Временска рамка** – 1 месец

**Беа посетени 9 училишта,** педесет одделенија и повеќе од 500 ученици од ОУ „Мануш Турновски“ Ново Село, ОУ „Борис Трајковски“ Моноспитово, ОУ „Герас Цунев“ Просениково, ОУ „Сандо Масев“ Струмица, ОУ „Видое Подгорец“ Струмица, ОУ „Маршал Тито“ Струмица, ОУ „Никола Вапцаров“ Струмица, ОУ „Гоце Делчев“ Василево, ОУ „Маршал Тито“ Муртино.

„Карванот на читање“ кој го организира ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица и понатаму ќе продолжи со истиот ентузијазам да ги инспирира децата, зашто секое ново дете, секоја нова приказна е дел од Нашата мисија: **да ја разбудиме љубовта кон зборовите што остануваат засекогаш**.

https://www.facebook.com/share/p/PSK3mCp3YioLZ4J9/?mibextid=oFDknk

**https://www.facebook.com/share/p/18rJAQuo6w/**

https://www.facebook.com/share/p/16bTRQ9JhB/

https://www.facebook.com/share/p/1ArsA6Maky/

https://www.facebook.com/share/p/16bQ1SgjLr/

https://www.facebook.com/share/p/1Kw6hCGgnF/

https://www.facebook.com/share/p/1YJRWFLxpj/

https://www.facebook.com/share/p/16VkW74ieF/

https://www.facebook.com/share/p/16jC6Vz6ku/

https://www.facebook.com/share/p/16XQWrqBZe/

https://www.facebook.com/share/p/16TfTs7vge/

https://www.facebook.com/share/p/1FWp5EmSqG/

https://www.facebook.com/share/p/1ARpyjVUgu/

https://www.facebook.com/share/p/1VPNFvVHC9/

https://www.facebook.com/share/p/1ArsA6Maky/

**STRUČNI RAD**

# ZNAČAJ I ULOGA BIBLIOTEKE ZA SLIJEPE CRNE GORE U RAZVOJU PISMENOSTI, ČITANJA I KULTURNOG OBRAZOVANJA

**Autor:** Danka Mihajlov

**Mjesto i godina:** Podgorica, 2025.

## Apstrakt

Biblioteka za slijepe Crne Gore, osnovana 2006. godine u Podgorici, predstavlja ključnu instituciju u oblasti kulturne i obrazovne inkluzije osoba sa oštećenjem vida. Kroz dostupnost literature u Brajevom pismu, audio i elektronskim formatima, specijalizovane resurse i kulturno-obrazovne projekte, značajno doprinosi razvoju pismenosti, čitanja i kulturnog osnaživanja svojih korisnika omogućavajući ravnopravan pristup znanju i kulturnim sadržajima. Ovaj rad prikazuje strukturu, djelatnosti, tehničke resurse i značajne projekte ove ustanove, naglašavajući njen doprinos razvoju pismenosti i društvenoj integraciji osoba sa invaliditetom.



## Abstract

The Library for the Blind of Montenegro, founded in 2006 in Podgorica, is a key institution in the field of cultural and educational inclusion of the visually impaired. Through the availability of literature in Braille, audio and electronic formats, specialized resources and cultural-educational projects, it significantly contributes to the development of literacy, reading and cultural empowerment of its users, enabling equal access to knowledge and cultural contents. This paper presents the structure, activities, technical resources and significant projects of this institution, emphasizing its contribution to the development of literacy and social integration of persons with disabilities.

# 1. Uvod

Biblioteka za slijepe Crne Gore predstavlja jedinstvenu ustanovu od posebnog značaja za kulturu, obrazovanje i informisanje osoba sa oštećenjem vida u Crnoj Gori. Ona je jedina specijalizovana institucija u državi koja sistematski radi na uključivanju slijepih i slabovidih osoba u kulturni i obrazovni sistem, a njen poseban značaj ogleda se u tome što je ona prva i jedina institucija u Crnoj Gori koja na organizovan i sistemski način radi na stvaranju jednakih uslova za obrazovanje i informisanje osoba sa invaliditetom, tačnije slijepih i slabovidih lica,

Ona je osnovana s ciljem da osigura jednake šanse za pristup znanju i informacijama, prepoznata kao stub inkluzivnog društva i predstavlja značajan kulturni i obrazovni resurs za slijepa i slabovida lica u Crnoj Gori.

# 2. Organizacija i resursi

## 2.1 Osnovne djelatnosti

Biblioteka je organizovana kroz tri osnovna odjeljenja: opšta služba, tehničko-proizvodno i bibliotečko odjeljenje. Njena funkcija uključuje:

- Nabavku, snimanje i digitalizaciju publikacija u Brajevom, audio i elektronskom formatu
- Izdavanje časopisa *Glas* i *Tačke kulture*
- Produkciju i štampanje publikacija
- Digitalizaciju sadržaja
- Saradnju sa školama i organizacijama.
- Organizaciju edukativnih radionica, kulturnih događaja i izložbi[1]

## 2.2 Tehnički kapaciteti

- Institucija raspolaže sa tri tonska studija, Brajevim štampačima, digitalnu arhivu i uređaje za DAISY format' 3D štampačem i doniranom štamparijom iz Slovenije, što omogućava proizvodnju taktilnih mapa i audio-vodiča.

Sve ovo omogućava kvalitetnu izradu i prilagođavanje različitih sadržaja osobama oštećenog vida.

# 3. Knjižni fond i dostupnost usluga

- Knjižni fond: 26.000 naslova na Brajevom pismu, 7.000 audio knjiga, te elektronski formati,
- Članstvo i dostava su besplatni, korisnici mogu poručivati knjige putem telefona, mejla ili sajta, distribucija unutar Podgorice je preko vozila biblioteke, a van putem pošte (uz specijalnu ambalažu i cekograme).

[1] Podaci o broju korisnika, fondu i opremi iz izvještaja direktora Božidara Dende/CdM, Anadolu Agency (2017)

# 4. Edukativni i kulturni programi

Biblioteka za slijepe Crne Gore neprestano sprovodi raznovrsne edukativne i kulturne programe koji doprinose razvoju ličnih, obrazovnih i profesionalnih kapaciteta osoba s oštećenjem vida. U nastavku su detaljno predstavljeni najznačajniji projekti i inicijative:

## 4.1 Časopisi

- *Glas* – mjesečni časopis s informacijama iz oblasti kulture, društva, prava i svakodnevnog života slijepih osoba u MP3 i DAISY formatu
- *Tačke kulture* – dvomjesečni časopis na Brajevu, fokusiran na književnost, umjetnost i kulturnu baštinu.

## 4.2 Radio Homer

Pokrenut 2012. godine, prvi medijski kanal za osobe s oštećenjem vida u Crnoj Gori, s programom uključujući radio-drama, jezičke kurseve, kulturne teme i inkluzivne emisije,[2]

Biblioteka za slijepe Crne Gore, u okviru svog umjetničkog programa, upriličila je poetsko veče posvećeno pjesniku, piscu i novinaru Novici Đuriću, tako se umjetnički program biblioteke preselio na talas Homer Radija, upriličen u formi radio emisije.

O stvaralaštvu Novice Đurića govorila je književnica Milica Kralj a slušaoci su bili u prilici da čuju i samog autora koji govori o svom književnom i novinarskom radu, ali i o aktuelnim kulturnim trendovima

## 4.3 Projekti

- Obrazovni i stručni programi
- IT obuke za korišćenje čitača ekrana
- Adaptacija školskih udžbenika u saradnji sa UNESCO-om i Ministarstvom
- *Ljepote Crne Gore na dlanu* (3D modeli značajnih lokacija + audio-vodiči). Ovaj projekat fokusirao se na izradu 3D eksponata koji predstavljaju dvadeset istorijskih znamenitosti Crne Gore, uz audio vodiče sa kratkim pričama o svakom predmetu. Cilj je bio približiti kulturnu baštinu osobama s oštećenjem vida.

  Projekat je prepoznat na evropskom nivou, uvršten među deset najboljih u okviru poziva Savjeta Evrope za dostavljanje priča o evropskoj kulturnoj baštini.

- Projekat obuke za zapošljavanje slijepih i slabovidih (tonski snimatelj i montažer, tiflograf i korektor za audio knjige) i na taj način omogućili bolji rad biblioteke, ali i zapošljavanje osoba sa invaliditetom,

[2] Radio Homer kao prvi medijski kanal za slijepe u Crnoj Gori, pokrenut 2012. godine

## 4.4 Književne i kulturne večeri

- Biblioteka organizuje manifestacije poput 'Stihom govorim', 'Veče slijepih pisaca', te gostovanja književnika iz Crne Gore i regiona, izmedju ostalog organihzovala je poetsko veče posvećeno Novici Đuriću, kao i promociju knjige „Treće žensko“,
- Osim promocije audio knjiga i projektovane su i prilagođene filmske projekcije “Jesen stiže, Dunjo moja“ (adaptirani film). Film je prikazan u adaptiranoj verziji prilagođenoj osobama sa oštećenjem vida, čime je omogućeno inkluzivno filmsko iskustvo za sve korisnike biblioteke., kao i film „Četvrti čovek“ (prilagođen slijepim korisnicima) i na taj način dali doprinose kulturnoj inkluziji.
- Njegoš povratak izvoru i temelju- obilježavanje jubileja – 210. godišnjicu Njegoševog rođenja, u Biblioteci za slijepe priređeno je veče na kojem je predstavljeno novo audio izdanje “Gorskog vijenca” u produkciji ove ustanove, pa je publika mogla čuti inserte iz “Gorskog vijenca” u interpretaciji glumca Jovana Dabovića.
- Književno veče Janka Jovovića je uključivalo čitanje poezije na Brajevom pismu i muzičke tačke sa izvornim i etno temama.
- Veče poezije i psihoterapije - ovo veče je predstavljalo spoj književnosti i psihoterapije, pružajući jedinstveno iskustvo posjetiocima.

## 4.5 Radio emisije – „Radio Homer“

- Prvi i jedini internet radio namijenjen slijepim i slabovidim osobama u Crnoj Gori, osnovan 2012. godine.
- Program uključuje: radio drame, jezičke kurseve, čitalačke emisije, audio knjige i savjetodavne sadržaje.

## 4.6 Inkluzivne radionice

- Kreativno pisanje, muzičke radionice, edukacije za zanimanja tonskog snimatelja i tiflografa[3]

## 4.7 Značajni projekti

- **"Ljepote Crne Gore na dlanu"** – 3D modeli znamenitosti sa audio vodičem[4]
- **"Kultura svima"** – izložba inkluzivne umjetnosti
- Adaptacija školskih udžbenika u Brajevu i audio formatu
- **“Učimo znakovni jezik”** – povezivanje slijepih i gluvih učenika.
- **“Jedan svijet za sve”** – programi u školama i bibliotekama.
- Putujuća biblioteka – kulturni sadržaji za ruralne sredine

---

[3] Ministarstvo kulture i medija o važnosti medijske pismenosti i biblioteka (Međunarodni dan pismenosti, 2024)

[4] Projekat *Ljepote Crne Gore na dlanu* uvršten među top 10 u okviru Savjeta Evrope, interno izvještaj (2024).

### 4.8 Saradnje i donacije

Biblioteka sarađuje sa:

- Ministarstvom prosvjete
- UNESCO-om
- Saradnja s bibliotekama za slijepe iz regiona.
- Učešće na sajmovima knjiga i inkluzivnim konferencijama

Donacije:

- Kliničkom centru Crne Gore (audio izdanja)
- Elektrotehničkoj školi „Vaso Aligrudić"

### 4.9 Uticaj na pismenost i čitalačke navike

Biblioteka razvija čitalačke navike prilagođene slijepim i slabovidim osobama kroz dostupnost u više formata. Time omogućava ravnopravan pristup obrazovanju širom Crne Gore. Ministarstvo kulture prepoznaje važnost takvih institucija za opšti razvoj čitalačke i medijske pismenosti.

## 5. Planovi za budućnost

Biblioteka za slijepe Crne Gore ima ambiciozne planove za razvoj i unapređenje rada:

- Izgradnja novog, modernog objekta
- Digitalizacija cjelokupne bibliotečke građe
- Povećanje knjižnog fonda
- Dalje unapređenje tehničke opremljenosti
- Organizovanje novih edukativnih radionica i kulturnih događaja
- Unapređenje saradnje sa domaćim i međunarodnim partnerima
- Promocija čitalačke kulture kod osoba sa oštećenjem vida
- Edukacija korisnika za korišćenje savremenih asistivnih tehnologija

## Zaključak

Biblioteka za slijepe Crne Gore je više od institucije  ona nije samo centar za knjige, već stub kulturne i obrazovne inkluzije – katalizator društvene promjene. Ona je primjer uspješne institucije koja, uprkos brojnim izazovima, svakodnevno radi na poboljšanju kvaliteta života svojih korisnika. Kroz tehničke kapacitete, kulturne programe i inkluzivne projekte, ona omogućava osobama sa oštećenjem vida da ravnopravno učestvuje u kulturnom, obrazovnom i profesionalnom životu zajednice, obezbjeđuju im pismenost, znanje i kulturni razvoj osoba s oštećenjem vida.

Njen rad direktno doprinosi inkluziji, osnaživanju i ravnopravnom učešću slijepih i slabovidih osoba u društvenom, obrazovnom i kulturnom životu. Time Biblioteka nije samo čuvar pisane riječi, već aktivni nosilac promjena i promoter univerzalne dostupnosti znanja.i simbol borbe za ravnopravnost, obrazovanje i kulturno uključivanje svih građana, bez obzira na njihove fizičke mogućnosti.

Ona je most između svijeta slova i onih koji ih ne mogu vidjeti.

---

## Fusnote

1. Podaci o broju korisnika, fondu i opremi iz izvještaja direktora Božidara Dende/CdM, Anadolu Agency (2017) plavazvijezda.com+4cdm.me+4gov.me+4scribd.comcdm.me+1gov.me+1.
2. Radio Homer kao prvi medijski kanal za slijepe u Crnoj Gori, pokrenut 2012. godine plavazvijezda.com.
3. Projekat *Ljepote Crne Gore na dlanu* uvršten među top 10 u okviru Savjeta Evrope, interno izvještaj (2024).
4. Ministarstvo kulture i medija o važnosti medijske pismenosti i biblioteka (Međunarodni dan pismenosti, 2024) gov.me+1cdm.me+1.

# Literatura i izvori


1. Statut JU Biblioteka za slijepe Crne Gore (2006)
2. Godišnji izvještaj o radu Biblioteke za slijepe Crne Gore (2023)
3. Ministarstvo prosvjete Crne Gore – Strategija inkluzivnog obrazovanja (2020)
4. UNESCO – „Inclusive education for persons with disabilities“ (2019)
5. CdM, „Ovo je jedina biblioteka za slijepe u Crnoj Gori“, 2017.
6. Anadolu Agency (AA), „Decenija jedine biblioteke za slijepe u Crnoj Gori“, 2017.
7. Ministarstvo kulture i medija Crne Gore, „Unapređenje čitalačke i medijske pismenosti izazov“, crnogorska Vlada, septembar 2024.
8. Interni podaci Biblioteke za slijepe Crne Gore (2024).
9. Savjet Evrope, konkurs „Priče o evropskoj kulturnoj baštini“ – nagrađeni projekat „Ljepote Crne Gore na dlanu“, 2024.

# Sadržaj

**Apstrakt** ..... 2

**Abstract** ..... 2

**1. Uvod** ..... 3

**2. Organizacija i resursi** ..... 4

**2.1 Osnovne djelatnosti** ..... 4

**2.2 Tehnički kapaciteti** ..... 4

**3. Knjižni fond i dostupnost usluga** ..... 4

**4. Edukativni i kulturni programi** ..... 5

**4.1 Časopisi** ..... 5

**4.2 Radio Homer** ..... 5

**4.3 Projekti** ..... 5

**4.4 Književne i kulturne večeri** ..... 6

**4.5 Radio emisije – „Radio Homer“** ..... 6

**4.6 Inkluzivne radionice** ..... 6

**4.7 Značajni projekti** ..... 6

**4.8 Saradnje i donacije** ..... 7

**4.9 Uticaj na pismenost i čitalačke navike** ..... 7

**5. Planovi za budućnost** ..... 7

**Zaključak** ..... 8

**Fusnote** ..... 8

**Literatura i izvori** ..... 9

# БИБЛИОТЕКАТА – ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА

Македонка Бојчовска -воспитувач во ЈОУДГ „Виножито“ Струмица

Софче Димитријева -директор во ЈОУДГ„ Виножито “Струмица

*„Читањето е за умот она што е вежбата за телото.“ – Џозеф Адисон*

## ВОВЕД

Библиотеките се столбови на писменоста и културниот развој на општеството. Тие не се само места каде што се чуваат книги, туку вистински центри за знаење, култура и инспирација, кои играат клучна улога во градењето на писмени генерации и одговорни граѓани.

Во светот на брзите технолошки промени и дигиталната револуција, библиотеките остануваат важен дел од образовниот систем. Тие не само што нудат пристап до информации, туку и поттикнуваат критичко размислување, креативност и љубов кон читањето. Библиотекарите, како чувари на знаењето, имаат посебна мисија – да ја пренесат важноста на читањето и писменоста на младите генерации.

Улогата на библиотеката како темел на писменоста, а особено улогата која ја има во предучилишното образование ја обработивме од повеќе аспекти и ги сумиравме придобивките и улогата која ја има библиотеката преку средбата на дечињата со книги и сликовници.

Во програмата за работа на воспитните групи покрај многуте активности кои ги имаме предвидено и реализирано со дечињата од доменот на јазик, комуникација и писменост, реализиравме и истражувачка и набљудувачка активност во вид на проект во просториите на обејктот на детската градинка, кој го нарековме „Посета на библиотека“. Резулатите од спроведените активности ги преточивме во овој текст. Беа опфатени дечиња од 4 го 6 годишна возраст, им се даде можност сами да одберат книга од библиотеката во нашата градинка, а потоа следеа низа на активности, најпрво разговор за тоа што е библиотека, што видовме, што најдовме и што би можеле да најдеме во неа, потоа читање на приказни од омилените книги на дечињата, разговор зошто ја одбрале токму таа книга/ сликовница, разговор со родителите за изборот на книга/ сликовница на нивните деца, читање во домот и слично., со што дојдовме до низа заклучоци и сознанија за улогата на библиотеката.

## УЛОГАТА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Писменоста започнува уште во најраните години. Во предучилишниот период, децата ги поставуваат основите за своето идно образование и развој. Библиотеките играат клучна улога во овој процес, обезбедувајќи простор каде што децата можат да се запознаат со книги, да развијат љубов кон читањето и да ги негуваат своите јазични вештини.

## РАЗВОЈ НА ЈАЗИЧНИ ВЕШТИНИ И РАНА ПИСМЕНОСТ

-Рана изложеност на книги – поттикнување на љубопитност и јазичен развој.

-Сликовници и приказни – развој на имагинација и разбирање на светот.

-Поеми и песни – збогатување на речникот и ритмичко чувство.

Преку приказни, сликовници, поеми и интерактивни работилници, децата учат да ја разбираат структурата на јазикот, да развиваат речник и да ги поттикнуваат своите креативни способности. Важноста на овој процес не може да се потцени, бидејќи раната изложеност на литература ја зголемува писменоста, го развива имагинацијата и ја гради самодовербата кај децата.

## СОЦИЈАЛНИ И ЕМОЦИОНАЛНИ ВЕШТИНИ

-Заедничко читање – развој на емпатија и социјални односи.

-Интерактивни приказни – поттикнување на соработка и разбирање на емоции.

-Групни активности – градење на тимски дух и лидерски способности.

Покрај јазичните, библиотеките ја поттикнуваат и социјалната и емоционалната интелигенција кај децата. Преку групни активности како читање на глас, учество во мали драмски сцени или групни игри, децата учат како да се изразуваат, да ги разбираат туѓите емоции и да градат односи со своите врсници. Овие активности не само што ги подготвуваат децата за училишниот процес, туку ги развиваат и нивните лидерски и комуникациски вештини.

Дополнително, библиотеките помагаат во развојот на когнитивните вештини, вклучувајќи меморија, концентрација и критичко размислување. Тие обезбедуваат средина каде што децата можат да истражуваат, да поставуваат прашања и да бараат одговори, што е основа за секојдневното учење.

## КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ И КОНГНИТИВНИ ВЕШТИНИ

-Критичко размислување – разбирање на причинско-последични врски.

-Решавање на проблеми – поттикнување на креативно размислување.

-Меморија и концентрација – преку активности како рецитирање и дискусија.

## ПИСМЕНОСТА КАКО ТЕМЕЛ НА ЖИВОТНИТЕ ВЕШТИНИ

Писменоста не е само способност за читање и пишување, туку и способност за критичко размислување и решавање на проблеми. Децата кои рано развиваат читачки навики се подобро подготвени за идните академски предизвици, имаат повисоки академски резултати и се посигурни во себе.

Со секоја нова книга, децата ја шират својата перспектива, учат да сочувствуваат со другите и развиваат чувство на емпатија. Преку читањето, тие учат за светот околу себе, за различни култури и начини на размислување, што е од суштинско значење за нивниот социјален и емоционален развој.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЉУБОПИТНОСТА И ИСТРАЖУВАЊЕТО

Библиотеките се и места каде што децата можат да истражуваат нови теми, да откриваат нови светови и да се предизвикуваат себеси. Преку книги за природата, науката, историјата и уметноста, тие ги прошируваат своите хоризонти и развиваат љубопитност која останува со нив цел живот.

## ПОВРЗУВАЊЕ СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

Библиотеките не се само места за индивидуално учење, туку и за поврзување со семејството и заедницата. Тие нудат програми кои ги вклучуваат родителите во процесот на учење, овозможувајќи заедничко читање, работилници и семејни настани.

Овие активности ја зајакнуваат врската помеѓу децата и нивните родители, создавајќи силна основа за семејните вредности.

## ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО МОДЕРНИТЕ БИБЛИОТЕКИ

Современите библиотеки се прилагодуваат на новите генерации преку дигитални ресурси и интерактивни платформи. Електронските книги, аудиокнигите и дигиталните архиви овозможуваат на децата пристап до знаење на нови и иновативни начини, збогатувајќи го нивното учење.

## ПОДДРШКА ЗА РАНА ПИСМЕНОСТ И РАЗВОЈ НА ЈАЗИК

Библиотеките нудат специјализирани програми за рана писменост, кои вклучуваат читање сликовници, игри со зборови, ритмички песни и интерактивни активности. Овие програми се фокусирани на развивање на јазичните вештини уште од најмала возраст, што е основа за подоцнежниот успех во учењето.

## МОТИВАЦИЈА И ПРИВЛЕКУВАЊЕ ВНИМАНИЕ КОН КНИГИТЕ

Посети на библиотеки – создавање позитивно искуство и љубов кон книгите.

## УЛОГАТА НА ВОСПИТНИОТ ТИМ И ГРАДИНКАТА

Воспитниот тим има клучна улога во создавањето на читачка култура. Тие ги мотивираат децата да истражуваат, да поставуваат прашања и да бараат одговори преку книги. Покрај тоа, воспитувачите создаваат средина која ги охрабрува децата да читаат и да се изразуваат креативно, користејќи различни литературни форми.

## ЦЕЛ И ПРИДОБИВКИ ОД БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ГРАДИНКА

Целта на библиотеките во предучилишното образование е да се создаде стабилна основа за писменоста и да се поттикне љубов кон книгите уште од најмала возраст. Ова вклучува создавање на позитивно читачко искуство, поттикнување на љубопитноста и развој на јазичните вештини, како и градење на социјални и когнитивни способности. Преку интерактивни читања, групни активности и драмски игри, децата учат како да ги разбираат своите емоции, да комуницираат и да соработуваат со своите врсници.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Очекуваните резултати од оваа иницијатива вклучуваат:

-Развој на љубов кон читањето и писменоста.

-Подобрување на јазичните, социјалните и когнитивните вештини.

-Зголемена самодоверба и комуникациски способности.

-Подготвеност за училишниот процес и академски предизвици.

-Подобро разбирање на светот и развој на емпатија.

## ЗАКЛУЧОК:

Затоа, библиотеките не се само читалници или архиви на книги, туку динамични центри на знаење кои инспирираат и едуцираат. Тие се темелот врз кој се гради писменоста, културната свест и љубопитноста кај сите генерации.

# Библиотеката како партнер во промоцијата на писменоста: Искуства на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

*м-р Фатма Бајрам Аземовска -библиотекар советник,*
*контакт: fatma.azemovska@gmail.com , 070699743*
*м-р Гордана Ѓоргиевска Неделковски- виш библиотекар*
*контакт: gordana_pfbt@yahoo.com, 072 268 965*
*НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола*

## Апстракт

Во овој труд се презентирани конкретни активности и проекти преку кои Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола активно придонесува во развојот на писменоста, читањето и социјалната инклузија. Преку воспоставени партнерства со образовни институции и заедницата, библиотеката ја потврдува својата клучна улога како посредник помеѓу знаењето и граѓанинот.

## Вовед

Писменоста денес не подразбира само способност за читање и пишување, туку и критичко размислување, медиумска и дигитална писменост. Библиотеките, како центри на знаење, играат витална улога во поддршка на овие вештини.

Еден од трендовите според ИФЛА е соработка и партнерства [1] во него се нагласува: „Соработката и стратешките партнерства се сè поважни за подобрување на библиотечните услуги и проширување на нивниот досег. Овие заеднички напори поттикнуваат иновации, олеснуваат размена на најдобри практики и им овозможуваат на библиотеките колективно да се справуваат со заедничките предизвици во брзо развивачкиот информациски пејзаж.“ Овој тренд претставува важен сегмент во реализирање на најголемиот дел од активностите. Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“– Битола преку своите програми, проекти и партнерства активно се вклучува во развојот на писменоста на локално, национално и

---

[1] Navigating the Future: Key Trends in Academic Libraries for 2024 | IFLA Academic and Research Libraries Section Blog

меѓународно ниво. Во овој труд ќе бидат презентирани дел од соработките и програмите кои во изминативе неколку години се спроведоа во секторот за развој на библиотеката и меѓународна соработка.

## Соработка со образовни институции и заедницата

НУУБ„Св. Климент Охридски"-Битола преку одделот за популаризација на книгата, низ годините секогаш се стреми да внесува новитети во соработка со другите институции и заедницата како партнер во промоцијата на книги и учење на забавен начин преку дружење со книгите. Овој труд ја има баш таа цел да ги промовира активностите и проектите со кои границите на ширење на писменоста одат пошироко.

### 1. Меѓународна соработка со библиотеката во Трелеборг, Шведска

Во јуни 2024 година, библиотеката го реализира меѓународниот проект кој беше поддржан од Министерството за култура на Република Северна Македонија. Овој проект беше насочен кон зачувување на македонскиот јазик кај македонските иселеници во Шведска. Во соработка помеѓу нашата библиотеката, македонската библиотека од Трелеборг , Шведска и една од најдобрите наставнички во светот Весела Богдановиќ од основното училиште „Кочо Рацин" од с. Ивањевци, се реализираа низа активности за децата на нашите иселеници[2].

Целта на оваа соработка беше преку творечки активности за деца, развивање на писменост преку македонска литература.

---

[2] Проект „Меѓународна соработка на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола со македонската библиотека во Трелеборг – Шведска" | Национална установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Битола



Сл. 1 Работилница во македонска библиотека во Трелеборг, Шведска

За поголема достапност на македонската литература нашата библиотека им поклони голем број на книги за деца и возрасни со најнови наслови кои имаат за цел да ги привлечат нашите иселеници кон зачувување на македонскиот говорен и пишан македонски литературен јазик.

## 2. Проект „Боите на животот – Човечка библиотека“

Овој проект е реализиран во соработка со основното училиште „Св. Климент Охридски“ – Битола и други партнери. Целта беше преку „Живи книги“ – луѓе со животни приказни – да се промовира инклузија, емпатија и разбирање, особено кон ученици од ромската популација.

Целите беа насочени кон промовирање на социјалната инклузија кај ученици од различно потекло, со фокус на ученици од ромска заедница, преку запознавање со сопствениот и туѓиот идентитет, прифаќање на различностите и развивање чувство на припадност во заедницата.

Целна група за овој проект беа ученици од 13-14 години од Битола.

Клучни активности кои беа реализирани се:

- работилници за личен развој и припадност.

-Изработка на анкета „Кој сум јас?“

-Креирање „Човечка библиотека“ – каде личности со различни животни приказни ќе „раскажуваат“ како живи книги.

- Тркалезна маса за дискусија и споделување резултати.

Резултатите кои ги постугнавме акцентот го ставија на подобрена самосвест и самоприфаќање кај учениците: Намалени предрасуди и зголемена меѓуетничка толеранција; Зајакнато чувство на заедништво и демократски вредности.

Проектот се заврши со завршната активност- тркалезна маса во просториите на НУ Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола (роднокрајна сала) на тема „Човечката библиотека во функција на намалување на социјалната инклузија кај учениците од основните училишта“[3], каде и ќе биде презентиран истоимениот прирачник.

## Програми за промоција на читањето и писменоста

### 1. Школа за дигитална писменост

Во октомври 2024 година започна да се реализира проекот насочен кон унапредување на дигиталните вештини кај помладата популација. Обуките беа реализирани од стручни лица во соработка со претставници од Министерството за внатрешни работи, техничкото училиште од Битола и опфатија теми како интернет безбедност, заштита на лични податоци и користење на алатки за онлајн комуникација.

Оваа едукативна иницијатива ги опфати следните теми:

- **Интернет и информациска писменост** – Учесниците стекнаа знаење за ефективно пребарување, оценување и критичка анализа на информации на интернет.
- **Дигитална комуникација** – Се запознаа со различни алатки за комуникација во дигитален простор, како и со дигитален бонтон и ефективни стратегии за комуникација.

[3] Промовиран прирачникот „Боите на животот“

- **Безбедност и заштита на интернет** – Учесниците научија практични начини за заштита на личните податоци и безбедно користење на интернет.
- **Медиумска писменост** – Развијаа способности за критичко толкување и евалуација на медиумски содржини.
- **Дигитално државјанство** – Се едуцираа за одговорно, етичко и активно учество во дигиталното општество.
- **Дигитална креативност** – Истражуваа алатки за креативно изразување, вклучувајќи графички дизајн и основи на кодирање.
- **Сајбер безбедност** – Ги прошириja своите знаења за сајбер заканите и научија како да се заштитат од нив.

Оваа програма претставува важен чекор кон дигитална писмена и безбедна заедница, способна активно да учествува во современиот дигитален свет.

**Целна група -** Целната група на овој проект беа млади на возраст од 18 до 24 години од Пелагонискиот регион, вклучувајќи ги општините: Битола, Демир Хисар, Кривогаштани, Крушево, Могила, Прилеп, Новаци, Ресен и Долнени. Проектот вклучи 20 учесници, со еднаква застапеност на машки и женски пол.

**Придобивки од проектот**

- Развој на дигитални вештини и знаења применливи во академската и професионалната сфера.
- Зголемена вработливост и подобра подготвеност за современиот дигитален пазар на трудот.

## Проект „ГОРДОСТ I“ – Зачувување на ромскиот јазик преку онлајн речник

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола го реализира проектот **„ГОРДОСТ I“**, со цел зачувување на ромскиот јазик преку употреба на онлајн речник. Проектот е дел од програмата **Клучна акција 204 – Стратешки партнерства за образование на возрасни**, финансирана од Европската комисија преку **Еразмус+ програмата**. Библиотеката е првата културна установа во државата која реализира ваков тип на Еразмус проект.

Целта на проектот е да се истражи ефикасноста на онлајн платформата како алатка за зачувување на ромскиот јазик и да се промовира доживотното

учење кај припадниците на ромската заедница. Партнери во проектот се организации од Србија, Грција, Романија, Унгарија, Германија и Бугарија.

Проектот се спроведува во три фази:

---

**Фаза 1: Истражување и проценка (септември 2020 – февруари 2021)**

- Спроведување анкети со Роми и експерти;
- Заедничка дефиниција на предметот на истражувањето и терминологијата;
- Изработка на прашалници и упатства за насочени истражувања;
- Интервјуа во ромските заедници во земјите партнери, вклучувајќи утврдување на целната група;
- Интервјуа со експерти од партнерските земји;
- Имплементација, документација и проценка на истражувањата;
- Подготовка на национални извештаи од сите партнери;
- Изработка на синтетички извештај од страна на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

---

**Фаза 2: Развој на концепт**

- Идентификување на релевантни чинители и спроведување дополнителни истражувања;
- Подготовка на упатства за интервјуа, разговори и размена на најдобри практики;
- Воспоставување на соодветни работни структури (на пример: транснационални тематски работни групи);
- Развој на концептот за идната онлајн платформа.

**Фаза 3: Планирање на следната проектна етапа (септември – декември 2021)**

- Дизајн на продолжението на проектот под наслов **„ГОРДОСТ II“**, во рамки на кој ќе се воведе и воспостави **онлајн платформа за зачувување на ромскиот јазик**.

## 2. Библиотеката против булингот и сајбер булингот

Во рамките на проектот „Библиотеката против булингот и сајбер булингот", поддржан од програмата Еразмус+ (КА122 – ADU), библиотекари од НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола учествуваа на меѓународна обука во Палермо, Италија. Главната цел на обуката[4] беше стекнување нови знаења и вештини за справување со булинг и сајбер булинг, како и примена на иновативни пристапи за негово спречување. Библиотеките се клучни места за едукација и поддршка на заедницата, а преку оваа обука нашите библиотекари се оспособија да препознаваат, превенираат и реагираат на вакви негативни појави во општеството.

Клучни активности :

- Разбирање на различните форми и динамика на булингот
- Стекнување вештини за идентификација на знаци и симптоми на булинг
- Развивање емпатија и поддршка за жртвите и сторителите
- Градење инклузивна и безбедна средина во библиотеките
- Размена на искуства со библиотекари и едукатори од различни земји
- Учество во практични вежби, студии на случај и дебати

Оваа обука им овозможи на нашите библиотекари да станат активни учесници во создавање на безбедни и пријателски средини за младите. Со новите знаења, тие ќе можат да организираат работилници, едукативни програми и кампањи за подигнување на свеста за булингот, како и да ги поддржат учениците, наставниците и родителите во борбата против насилството. Ова е уште еден чекор напред кон трансформација на библиотеките во центри за учење, поддршка и развој на заедницата.

Во наредниот период библиотекарите спроведоа низа активности во основните училишта каде преку најразлични техники се разговараше за булинот и сајбер булингот, негово препознавање и начини на негово спречување.

[4] Библиотекари од Битола на обука во Италија - „Библиотеката против булингот и сајбер булингот" - АПЛА.мк - Без пардон за Битола ( пристапено 27.05.2025)




Сл. 2 Активност во ООУ „Св. Климент Охридски“ - Битола

Во рамки на проектот беа организирани предавање на тема „Библиотеката против булингот и сајбер булингот“ Препознавање и реакција: Како библиотекарите можат да помогнат?

На овие предавања учество задоа други библиотекари, едукатори и професионалци од областа на образованието и менталното здравје, обединети околу заедничката цел: создавање безбедна, инклузивна и поддржувачка библиотечна средина.

Учесниците имаа можност да стекнат знаења и практични алатки за[5]:

- Препознавање на различни форми на булинг
- Идентификација на знаци кај жртви и сторители
- Развивање на емпатија и активна поддршка
- Градење библиотека како безбедно прибежиште

Овој проект како и останатите се предизвик за нас библиотекарите и со нивното завршување не значи крај, туку мотив за креирање на нови проекти, кои во континуитет ќе работат на поставување на библиотеката во центарот на заедницата.

## Заклучок

Преку имплементација на иновативни програми и партнерства, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола успешно ја потврдува својата улога како

[5] „Библиотеката против булингот и сајбер булингот“ - Bitola News

динамичен и активен чинител во процесите на унапредување на писменоста, инклузијата и дигиталната едукација. Активностите спроведени во рамки на национални и меѓународни проекти сведочат за капацитетот на библиотеката да одговори на современите општествени предизвици, како што се дигиталниот јаз, социјалната исклученост и говорната и писмена нееднаквост.

Посебно значење имаат соработките со образовни институции, граѓански организации и библиотеки од други земји, преку кои се овозможува размена на добри практики и проширување на хоризонтите на корисниците. Програмите како „ГОРДОСТ I“, „Боите на животот – Човечка библиотека“, школата за дигитална писменост и иницијативите против булинг, не само што ги надминуваат традиционалните функции на библиотеките, туку и ја позиционираат библиотеката како центар за учење, поддршка и општествен развој.

Во едно современо општество кое се менува со забрзано темпо, улогата на библиотеките треба и мора да се трансформира. Трудот го покажува токму тоа – дека библиотеката не е само место за книги, туку простор каде што се гради знаење, се негува дијалог, и се создава подобра, поинклузивна и пообразована заедница.

Користена литература:


1. Navigating the Future: Key Trends in Academic Libraries for 2024 | IFLA Academic and Research Libraries Section Blog
2. Проект „Меѓународна соработка на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола со македонската библиотека во Трелеборг – Шведска“ | Национална установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола
3. Промовиран прирачникот „Боите на животот“
4. Повик за учесници во рамки на проектот „Летна школа за дигитална писменост“ | Национална установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола
5. Библиотечен тренд бр.52/2021, стр.10-11
6. Библиотекари од Битола на обука во Италија - „Библиотеката против булингот и сајбер булингот“ - АПЛА.мк - Без пардон за Битола ( пристапено 27.05.2025)
7. „Библиотеката против булингот и сајбер булингот“ - Bitola News

## БИБЛИОТЕКАТА – ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА

*Ивана Димовска, дипломиран професор по македонски јазик и литература, библиотекар и координатор на Медиумски клуб „Автограф“ при ООУ „Петар Мусев“ – Богданци*

Во еден свет каде дигиталната технологија е во постојан подем, а вниманието на децата е сè пократко , улогата на библиотеката како поддржувач на писменоста и читањето станува сè порелевантна . Библиотеките денес не се само места за тишина и читање туку простор на инспирација, создавање и критичко размислување.

Во оваа статија ќе ги презентирам добрите практики од работата во нашето училиште, со цел да се покаже како едно основно училиште може да изгради креативна читачка култура, поттикната токму од библиотекарот како медијатор меѓу книгата и ученикот.

### Значењето на библиотеката во современото училиште

Библиотеката е образовен и културен центар во училиштето. Таа не само што го поддржува наставниот процес туку и гради навики на самостојно истражување, критичко размислување и естетско доживување. Посебно важно е тоа што библиотеката придонесува за развојот на писменоста во сите нејзини димензии: функционална, дигитална, медиумска и културна.

Во ООУ „Петар Мусев“ – Богданци, библиотеката не е пасивно депо на книги, туку динамичен простор за истражување, дијалог и креативност. Како библиотекар, настојувам да го доближам читањето до учениците на начини што се блиски до нивната реалност и интереси.

Во рамките на училиштето го координирам Медиумскиот клуб „Автограф“, каде учениците од I до IX одделение имаат можност да се изразуваат преку современи медиуми. Една од најуспешните активности е реализацијата на месечни поткасти со „Читач на месецот“.

Учениците со задоволство учествуваат во снимањето на поткастите, а преку тој процес се развиваат и нивните комуникациски, медиумски и презентациски вештини. Некои од примерите се:

https://www.facebook.com/share/v/1M2cfSt5xK/

https://www.facebook.com/share/v/167kUz127c/

https://www.facebook.com/share/v/1AEryN5fMj/

https://www.facebook.com/share/v/16VfATATzY/

Во тек е и снимањето на нов поткаст со три девојчиња од V одделение кои самостојно иницираа и организираа одделенска библиотека – иницијатива што ја поттикна љубовта кон книгата во целото одделение.

Дополнителни активности во рамки на библиотекарската работа

Во текот на учебната година организиравме низа активности:

Посета на Печатницата „Софија“ – запознавање со процесот на настанување на книгата.

Посета на Градската библиотека „Бранд Петрушев“ – Богданци.

Креативна работилница „Што умот гледа, буквите и боите творат“.

По читањето на секоја книга, учениците избираат омилен цитат кој го запишуваат и цртаат цртеж инспириран од содржината – активност што овозможува длабоко личен однос со литературата и развој на критичко и креативно мислење.

Сите овие активности беа насочени кон подигнување на свеста за значењето на писменоста, читањето и библиотеката како ресурс.

Резултати и влијание

Кај учениците е забележано:

Зголемен интерес за читање книги од библиотеката;

Поголема активност и самодоверба во медиумските и презентациски проекти;

Зголемена иницијативност (на пр.: самостојно креирање одделенска библиотека);

Системски предизвици и потреба од професионален библиотекар.

Еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат училишните библиотеки е фактот што позицијата библиотекар често ја извршуваат наставници од други профили, само со цел да се пополни недостигот на часови. Ова води до недоволна ангажираност, ограничена стручност и отсуство на визија за библиотечното работење.

Јас работам веќе седум години во образование, започнав како заменски професор по македонски јазик и литература, но поради недостиг на часови, ја преземав улогата на библиотекар. Иако работното место формално не ми е сигурно и секоја година сум под стрес дали колегите ќе имаат доволен број часови за да останам во библиотеката, со љубов и посветеност ја извршувам оваа работа.

Кога првпат ја презедов библиотеката, затекнав хаотична состојба, не се знаеше која книга каде се наоѓа. Со текот на времето, успеав да внесам ред, систематизација и нова енергија во библиотечниот простор. Но и покрај сето тоа, чувството на несигурност останува.

Сметам дека секое училиште треба да има постојано вработен стручен библиотекар, кој не само што ќе ја одржува библиотеката, туку и ќе ги мотивира учениците да читаат, ќе иницира културни активности и ќе придонесува за развојот на сите форми на писменост. Библиотекарот не треба да биде привремена замена, туку суштински дел од воспитно-образовниот процес.

## Заклучок

Библиотеката е повеќе од збир на книги – таа е темел на писменоста и простор каде што учениците стануваат активни креатори на знаење и култура. Преку креативни проекти, посветеност и соработка со наставниците, можеме да ја вратиме библиотеката во срцето на образованието.

Со ваквите добри практики, библиотекарот станува катализатор на промени – поттикнувач на љубовта кон пишаниот збор и градител на културно и писмено, младо поколение.

# Библиотеката -темел на писменоста

Јасмина Митевска, воспитувач во ЈОУДГ „Виножито“ Струмица

„Детето што чита во иднина е возрасен што мисли.“ Библиотеката е храм за душата и светлина за очите. Место каде што од најмали нозе треба да ги насочиме децата. Затоа што преку пишаниот збор ние ги носиме до бескрајот, фантазијата и знаењето. Не постои подобро место каде што ќе им го покажеме патот кон вистинските вредности. Се прашуваме како децата од предучилишна возраст од градинките да ги насочиме кон библиотеката како ризница на знаењето. Тоа е многу едноставно, преку сказните и бајките, преку читањето на приказни ние ги внесуваме во светот на фантастичното и чудесното, но и на светот на бескрајното знаење. Од најмала возраст во градинките, уште во најмалите групи се практикува читање приспивни сказни, бајки и пеење приспивни песни, за подоцна кога ќе дојде говорот и разбирањето во поголемите групи преку читањето бајки, приказни и сказни – да се развие цела една дискусија во која учествуваат и дечињата, а преку учењето песни, стихувалки и брзозборки да се развие меморијата, но и да се вкорни љубов кон пишаниот збор и мајчиниот јазик. Дружењето со книгите полни со приказни, сказни, бајки и песнички ја разбудува детската љубопитност каде може да се најдат тие волшебни страници кои нудат поубави и различни светови. Овде веќе започнува и воведувањето на децата во ризницата на знаењето – библиотеките. Најпрво во рамки на самата детска градинка. Претставувајќи им го катчето со книги, каде можат да најдат многу визуелни и текстуални приказни кои ќе ги одведат во далечни краишта, а сепак ќе бидат овде со своите учителки и другарчиња. Понатаму како што децата стануваат конгитивно повеќе свесни ги упатуваме на тоа дека библиотеката е едно поголемо место, не е само катчето со книги од нашата градинка, туку тоа е институција каде може да се најдат книги од најмала до најголема возраст. Место каде што има книги достапни за сите возрасти и сите генерации. Овде ќе го поставиме прашањето:

- **Како да ги насочиме децата да бараат да им се чита и да читаат наместо да бараат да гледаат цртани филмови?**
- Децата ги обликуваме ние, како што вели мислата на Жан Жак Русо –„Децата се раѓаат како табула раса или празна плоча“, ние сме тие што ја испишуваме таа плоча, од нас возрасните како воспитувачи, негуватели, родители, баби, дедовци зависи кон што ќе ги насочиме малите детски умови?
- **Зошто го одбираме читањето од мали нозе?**

- Преку читањето децата уште од најмала возраст (девет месеци во јаслените групи) го слушаат говорот и мајчиниот јазик, потоа во поголемите групи тие ја користат фантазијата за во своите мисли да креираат слика за сказната, бајката која ја слушаат. Се подобруваат конгитивните способности, меморијата, концентрацијата, се воспоставува контакт на реципиент – читател (слушател), односно на воспитувач со дете.
- **Зошто и даваме важност на библиотеката уште во детската градинка, односно уште во предучилишната возраст?**
- Најголемите чекори започнуваат од најмала возраст, најголемото учење започнува од градинските денови, градење слика за себе, за светот околу себе, учење одговорност, важноста на знаењето и на извршувањето на сите активности започнува од тука. Затоа децата од најмала возраст ги воведуваме во ризницата на знаењето -најпрво преку читање и всадување на љубов кон читањето и слушањето сказни, а потоа и кон развивање сензабилитет кон мајчиниот јазик и се разбира разгорување на љубопитноста на малите, а големи детски умови да се биди и користи библиотечната литература на библиотеката, а со тоа да се стекне навика библиотеката да стане место за посетување и користење на библиотечната граѓа од најмали нозе.

  Само така ќе создадеме генерации кои ќе го сакаат пишаниот збор и ќе им овозможиме да видат дека моќта на пишаниот збор е многу посилна од дигиталната технологија. Создавајќи генерации во предучилишната возраст што го љубат пишаниот збор создаваме генерации на кои во иднина ќе бидеме горди и само така ќе го потврдиме факатот дека : „Детето што чита во иднина е возрасен што мисли“.

**Библиотеките темел на писменоста**

**Споделување на добри практики во библиотечната дејност**

Снежана Џорлева

ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица

sdzorleva@yahoo.com

оддел Периодика

**„Ако учениците не сакаат да дојдат до книгите, тогаш книгите ќе појдат поблиску до нив"**

**Апстракт**

Во овој стручен труд, тргнувајќи од мотото или се повеќе реална практика, ако „учениците не сакаат да дојдат до книгите, тогаш книгите ќе појдат поблиску до нив", ќе се осврнеме на подружниците на локалните библиотеки или реонските библиотеки, кои имаат важна улога во зајакнување на организацијата на библиотеките, како и во ширењето на писменоста и културата. Во минатото, или поточно во шеесетите години од минатиот век, овие подружници или реонски библиотеки доживеале вистински подем и се отварале во повеќе населени места во општините, за разлика од ситуацијата во денешно време, кога истите се затвораат.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето" Струмица, од вкупно 8 организациски единици - оддели, во денешно време работи само една подружница, во населеното место Муртино, откако во 2021 год. беше укината подружницата во општина Василево, заради заминување на библиотекарот во пензија.

Во поново време, како средство за приближување на книгите до читателите се повеќе се користат библиобус или велосипед за да се достави книгата до читателот, како краен конзумент на услугата.

**Клучни зборови:** реонски библиотеки, клонови, подружници без читатели, број на читатели

## Увод

Библиотеките како културни институции се храмови во кои првично се негувала писменоста во минатото. Во нив се поставиле и се негувале темелите на писменоста, од дамнешно време, па се до денеска. Почнувајќи од манастирските библиотеки, па преку домашните библиотеки на богатите трговци, подоцна и како помали библиотеки при кружоците, друштвата, во поново време библиотеките значително ја имаат променето својата организациска поставеност и од матични институции од културата, сега го носат епитетот на национални и јавни локални установи. Тие, низ сите структурни промени, го задржале својот основен карактер, нивната основна суштина, а тоа е да подучуваат, да собираат и да издаваат книги, да помагаат на науката, да го чуваат нациналното богатсво собрано во книгите и да се сведок на целиот развој на човештвото.

Библиотеките во текот на историјата ја менувале својата структура, својата организација и местоположба. Биле лоцирани во убави куќи на познати личности, за што има и конкретни докази, во манастирски простории, во општински згради, во задружни домови, во домови на културата, биле мали или големи по својот габарит, а во некои случаи и страдале кога биле опожарени. И за тоа има бројни примери во историјата. Така што нивната поставеност се менувала во зависност од периодот во кој се наоѓоаат, од општественото уредување и степенот на развој на човештвото.

Во втората половина на минатиот век, библиотеките видно доживуваат свој процут во нашата земја, тогаш ФНРМ потоа Социјалистичка Република Македонија во рамките на СФРЈ. Нивниот напредок се карактеризира со отварање на библиотеки во секој град, а потоа во училиштата и во населените места и формирање на една разгранета мрежа од реонски библиотеки и клонови, кои придонеле да се зголеми читаноста и писменоста во голема мера, во тој период. Училишните библиотеки биле ставени под капата на матичните библиотеки, а напоредно со ова постоеле и подвижни библиотеки, со ангажирање на возило за таа намена. Начинот на дејствување и организацијата се покажал како добра практика во работењето, од која резултатите не изостанале.

Во Република Северна Македонија најголема и најсовремена библиотека е Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ лоцирана во централното градско подрачје на градот Скопје. Таа е една од првите институции, формирана со Одлука на АСНОМ на 23 ноември 1944 год. а тоа е период кога Втората светска војна се уште не била завршена.

**Мал историјат за реонските библиотеки и подружниците**

Во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица иницијативата за подвижните библиотеки започнала уште во 1961 година, а според архивските документи, во 1964 год. нивниот број веќе изнесувал три подвижни библиотеки. За да се достави сандачето со книги, до читателите во населените места и по училиштата, било набавено и патничко возило. Со оваа форма на работа библиотеката ја ширела и зајакнувала својата библиотечна мрежа и допринесувала во преобразбата и ширењето на писменоста во селата, а воедно ја исполнувала и својата задача како Централна општинска библиотека според Законот за библиотеките.

Во тој период, 1966 година, библиотеката има статус на Матична библиотека, го донесува својот прв Статут со кој бил утврден бројот на работните единици, кои биле вкупно 10 и тоа: Матична библиотека, Детска библиотека, Централни реонски библиотеки во селата Василево, Босилово и Ново Село, реонски библиотеки во селата Куклиш, Костурино, Велјуса и Муртино. Сите тие биле подружници на денешната Градска библиотека во Струмица.

Општинската библиотечна мрежа била многу развиена и зајакната и како таква функционира се до 1986, значи две децении па и повеќе, а во таа година Матичната библиотека Струмица броела осум организациски единици – оддели. Подрачни библиотеки во следниве населени места: Ново Село, Босилово, Муртино, Колешино и Василево. Реонски библиотеки во градот Струмица и во населените места: Куклиш, Костурино и Турново, заради тогашната мапа на територијалните граници на општината. Набавката на книги и нивна обработка се вршела во централната библиотека и се доставувале низ погоре наведените подрачни и реонски библиотеки.

**Статистички податоци за бројот на прочитани книги и читатели**

Друга одлика на тој период, кој се карактеризира со богато развиена мрежа на помали библиотеки, како добра практика е тоа што бројот на прочитани книги и

читатели е значително зголемен. Тоа јасно се гледа од кусиот приказ на статистичките податоци по периоди. На пр:

| Година | книжен фонд | читатели | прочитани книги |
|---|---|---|---|
| 1946-1955 | 6.702 | 2.463 | 34.254 |
| 1956-1965 | 42.619 | 21.712 | 389.308 |
| 1966-1975 | 75.570 | 43.909 | 877.310 |
| 1976-1986 | 105.138 | 46.782 | 716.547 |

Веќе од 1986 година почнува да се осипува (намалува) бројот на читатели и прочитани книги, така што во 2019 год. имаме евидентирано 713 читатели и 10.071 прочитани книги. Во 2020 год. тој број уште се намалува и бројот на читатели изнесува 415, а бројот на прочитани книги 6.672, додека пак бројот на книжниот фонд се зголемува, што значи набавката на книги, спротивно од тие бројки има нагорна линија сите овие години.

Опаѓањето на бројот на читатели и бројот на прочитани книги има тенденција и во денешно време да се намалува, со мали осцилации на трендовско покачување, но, во основа се намалува. Посебно во годините после 1986 год. кога почнуваат да се укинуваат организационите единици на библиотеката во населените места – подружниците и клоновите. Како основни причини за укинување на подружниците и клоновите се смета дека се повеќе, а позначајни се:

1. Немањето на материјални средства за нивно одржување и реновирање;
2. Немањето на соодветни просторни услови за нивно нормално функционирање;
3. Намален интерес за читање од страна на населението и учениците;
4. Техничката опременост изостанува
5. Немањето на нови содржини во согласнот со развојот на дигиталните можности.

**Подружницата во населеното место Муртино сеуште активна**

Локалната установа библиотека „Благој Мучето“ сега има само една организациона единица – подружница во населено место и тоа во Муртино. Истата е единствена откако во 2021 год. беше затворена подружницата во општина Василево заради пензионирање на библиотекарот кој работеше над две децении во неа. Значи, со

текот на годините од 9 подрачни библиотеки и клонови, сега има само една подрачна библиотека.

Во библиотеката во Муртино работи еден библиотекар со постојано работно место. Истата е сместена во општински простории, во Домот на културата во Муртино. По својот габарит не е мала и според последните податоци од ревизијата на книжниот фонд, располага со 13 700 книги.

Библиотеката во Муртино функционира како самостојна единица при локалната библиотека, која фигурира под инвентарен број 7 во оперативниот програм COBISS 3, каде се обработени и внесени значителен дел од фондот книги.

Зачленувањето во подрачната библиотека е на пола цена од редовната цена во локалните библиотеки низ земјата, со оглед на тоа што се работи за жители од рурална средина. Бројот на читатели варира, а во подобрите времиња библиотеката имаше и околу 150 читатели, бројка која не е за занемарување. Претежно, од структурата на читателите се ученици, за разлика од структурата на читателите во локалната установа во градот, каде поголем дел од читателите се возрасни или пензионери.

Специфично за структурата на читатели во ова населено место е што истите потекнуваат од малцинствата во земјата, поточно од турската заедница, кои читатели, на ученичка возраст, од населеното место Банско, пак, воопшто ги нема во библиотеката во градот. Кон ова подрачна библиотека гравитираат повеќе училишта од неколку населени места и истата е посетена од страна на читатели, кои не треба да издвојуваат додатни финансиски средства за да изнајмат книга.

Во изминатите години, во зависност од креативноста на библиотекарот кој работи во библиотеката, превземени се повеќе активности, со кои учениците се поттикнуваат да престојуваат во библиотеката, да се грижат за неа, да читаат и тоа на нивни терен, каде што тие живеат и се образуваат, што значи поблиску до нив, без да се изложуваат на вонредни трошоци за патување.

Од активностите кои се организирани во библиотеката се: изработка на двојазичен ѕиден весник за библиотеката и тоа на турски и македонски јазик, потоа предновогодишно украсување на библиотеката, кое опфаќа изработка на новогодишна елка од материјали што се рециклираат, како што се пластични шишиња, групно читање на приказни, по избор на учениците во период додека го чекаат ученичкиот

автобус кој ги пренесува до домовите, непосредна средба со писателот за деца Киро Донев и други настани.

Крајниот резултат од ваквите активности е обострано задоволство меѓу учениците и библиотекарот од стекнатите искуства, задоволни ученици од амбиентот во библиотеката, исполнето времето со образовна содржина наместо непотребно губење на времето во дворот на библиотеката, склучени пријателства кои остануваат да траат и понатаму во животот и други придобивки.




1. Читање македонски приказни 2.Ученици од турска националност читаат



3. Подготовка на ѕиден весник на турски и македонски јазик

## Заклучок

Во поново време, за доставување на книги до читателите се повеќе се користат библиобус и велосипед, како средства кои не бараат поголеми додатни материјални средства и трошоци. Кога велиме додатни материјални трошоци притоа се мисли на трошоци како што се: наемнина, струја, вода, интернет, одржување, доколку би се користеле одредени простории. Со библиобусот или велосипедот би поминале еднаш или двапати низ населеното место и би ги доставиле потребните книги до читателите. Книгите би се запишале или отпишале на самото место, за што е потребен еден или двајца библиотекари за неколку населени места.

Подружниците на библиотеките имаат поширока и потрајна намена за разлика од превозните средства. Учениците и повозрасните посетители, во самото населено место ги чувствуваат како поблиски и во нив се задржуваат подолго време. Тука ги рагледуваат самите книгите, можат да седнат и да прочитаат некоја книга, се запознаваат преку библиотекарот со останатиот фонд на книги кој го поседува Градската библиотека, можат да организираат некој настан со локален карактер, при што придобивките се поголеми, во однос на образовањето.

Освен Градската библиотека во Струмица, своја подружница има и библиотеката во Кочани, во населеното место Оризари, со еден постојан библиотекар, која успешно работи повеќе децении station наназад.

**Користена литература:**


1. Гошева, Т. (2021). 75 години постоење на библиотеката во Струмица. Струмица: ЛУБ „Благој Јанков Мучето“
2. „Слаб интерес кон книгата: месецот на книгата како повод за прашањето: колку читаме? – Додовски, Владо Битолски весник (Год.12, бр.544/545, 26 ноември 1975, стр.7)
3. Современост (Год.37, бр. 5-6, 1987, стр. 53-53)
4. Развигор (Год. 31, бр.11 (423), стр.[18-19]) „Дивите свињи“
5. Марјановиќ, В. (1971). Говорот на детството : творештвото за деца на Видое Подгорец. Скопје : Наша книга

Мај 2025 година

# БИБЛИОТЕКАТА – ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА

Ани Катранџиева

## СОДРЖИНА:

ВОВЕД ........................................................................................................................ 2

1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕКИТЕ ........................................................................ 3

2. УЧИЛИШНИТЕ БИБЛИОТЕКИ КАКО КАТАЛИЗАТОР ЗА РАЗВОЈ НА ЧИТАЧКАТА КУЛТУРА МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ........................................................................................ 4

3. УЛОГАТА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ .................................................. 5

3.1. Дигитална писменост ........................................................................................ 5

3.2. Улогата на библиотеките во промовирањето на дигиталната писменост ..... 6

*3.2.1. Премостување на дигиталниот јаз ................................................ 6*
*3.2.2. Зајакнување на доживотното учење ............................................. 6*
*3.2.3. Негување информациска писменост .............................................. 6*
*3.2.4. Поттикнување на дигитално вклучување ..................................... 7*
*3.2.5. Промовирање на дигитално граѓанство ........................................ 7*
*3.2.6. Поддршка на дигиталната креативност и иновации ................. 7*
*3.2.7. Решавање на дигиталните нееднаквости ..................................... 7*
*3.2.8. Соработка и споделување знаење .................................................. 8*
*3.2.9. Прилагодување на услуги за различни потреби ............................ 8*
*3.2.10. Зајакнување на економските можности ..................................... 8*
*3.2.11. Негување на дигитални заедници ................................................. 8*
*3.2.12. Застапување за дигитални права и пристап .............................. 8*
*3.2.13. Иновации во иницијативите за дигитална писменост ............. 9*
*3.2.14. Заедничко истражување и создавање знаење ............................. 9*

З А К Л У Ч О К ......................................................................................................... *10*

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ....................................................................................... *11*

# ВОВЕД

*Читањето е првиот вкус на слободата. Тоа е доживотен подарок што не може да се одземе и првиот чекор луѓето да станат продуктивни, отворени и остроумни членови на заедницата.*

*Секое дете заслужува шанса да води живот полн со ветувања со успех на дофат. Раното изложување на книги и читањето им помагаат на децата да го исполнат својот вистински потенцијал. Без него, детето може да се соочи со предизвикувачки пат.*

*Библиотеката служи како основен столб за развој на писменоста, обезбедувајќи пристап до различни ресурси и поттикнувајќи ја љубовта кон читањето. Дејствува како клучен ресурс за поединци од сите возрасти и потекла, поддржувајќи го и формалното и неформалното учење и придонесувајќи за севкупната писменост на заедницата.*

*Библиотеките не се само складишта на книги; тие се живи институции кои го обликуваат и поттикнуваат развојот на писменоста и културата. Од античките времиња до денес, библиотеките играат клучна улога во зачувувањето, преносот и развојот на знаењето, што е основа за писменост и образованието на општествата. Оваа работа има за цел да ја истражи историјата на библиотеките, нивната улога во развојот на писменоста и нивното значење во современото општество.*

## 1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕКИТЕ

Најстарите познати библиотеки во историјата биле архивите. Тоа што често се нарекувало „библиотека на храмот" или „библиотека на палатата" всушност претставувале збирки на текстови (со клинесто писмо обично претставено на плочки) кои ги документирале службените верски активности од судската палата. Дури подоцна, збирките на другите видови текстови се нарекуваат „музеи" заради тоа што зградите биле подигнувани во чест на музите. Практично, многу мали или незначителни биле разликите помеѓу библиотеките и музеите се до раниот модерен период кога развојот на типографскиот печат доведе до драстично зголемување на количеството (квантумот) на расположиви текстови од кога тие се издвојуваат од збирките на објекти, а библиотеките почнуваат да се разликуваат од музеите.

Не случајно древните народи им давале толку големо значење и содржина на поимот библиотека. Владетелите, основачи на библиотеките им придавале посебно внимание и воделе сериозна грижа за библиотечниот фонд кои се формирал во текот на долгиот временски период. Заради тоа, заштитата на книгата и на книжевното богатство завзема централно место во дејноста на библиотеките.

Првите библиотеки се појавуваат во античките цивилизации. Во Месопотамија, Египет и Грција, библиотеки служеле како центри за чување на знаење и култура. Најпознат пример е Библиотеката во Александрија (на која и било дадено името Музеон - храм посветен на музите), основана во 3. век п.н.е., која привлекувала научници и филозофи од различни дисциплини и била симбол на стремежот за знаење и интелектуална размена

Најстарите остатоци од библиотеките пронајдени се за време на археолошките истражувања во Месопотамија (Ур, Нипур, Лагаш, Ниниве) како збирки на глинени плочи и свитоци напишани (испишани) со клинесто писмо. Библиотеката како архитектонски објект постоеше и во периодот на антиката во хеленските, хеленистичките и римските градови, за што постојат и голем број сведоштва во пишаната документација.

Во периодот на I век п. н. е. Во Рим се отвораат првите јавни библиотеки, по идеја која се родила кај Гај Јулие Цезар. Оваа идеја Цезар ја добил кога бил поразен" од огромната научна и културна дејност на библиотеките кои веќе егзистирале во поразените земји. За формирање на идната прва јавна библиотека во Рим, Цезар наредил да се пренесат остатоците на сврзоците од Александриската библиотека.

Првата јавна библиотека во Рим била создадена од војсководецот Гај Азинај Полион, кој ги искористил книгите ограбени за време на неговите воени походи во Илираја во 39 година п. н. е. Библиотеката била сместена во храмот на богињата на слободата на Авентинскиот рид, во близина на Форумот.

Од црковните библиотеки од периодот на Ренесансата најзначајна и најпозната е Ватиканската Библиотека во Рим. За основоположник на Папската (Ватиканската) библиотека се смета папата Никола V, како еден од најзаслужните творци во областа на науката и уметноста за време на италијанската ренесанса.

Во текот на средниот век, библиотеките станале основни центри за учење во манастирите и универзитетите. Монашките библиотеки, особено, беа одговорни за зачувување на голем дел од знаењето од античка Грција и Рим со копирање на ракописи и зачувување на текстови во време кога стапките на писменост беа ниски. Во овие библиотеки често имало религиозни текстови, но и научни, филозофски и

литературни дела. Универзитетските библиотеки, кои се појавија во текот на 12 и 13 век во Европа, почнаа да личат на модерни академски библиотеки. Тие ги поддржуваа растечките академски заедници и одиграа клучна улога во ширењето на идеите за време на ренесансата.

За библиотеките во периодот на хуманизмот и ренесансата е карактеристично тоа што по надворешниот изглед многу не се разликуваат од библиотеките во доцниот Среден век. И во нив продолжува да функционира системот на пултови со единствена разлика што нивните дворани се многу поголеми.

Во 19-ти и 20-ти век, многу земји започнале да основаат јавни библиотеки како дел од своите образовни системи. Карактеристично за периодот на 19 и 20 век е големиот развој на библиотечната теорија и пракса. Ова е значаен период кои кореспондира со создавањето на една посебна категорија на библиотекарски сталеж - личности со посебна стручна спрема кои исклучиво им се посветуваат на тоа знаење и на специфичниот позив.

Денес, библиотеките се присутни во речиси сите делови на светот и играат клучна улога во образованието и културниот развој.

## 2. УЧИЛИШНИТЕ БИБЛИОТЕКИ КАКО КАТАЛИЗАТОР ЗА РАЗВОЈ НА ЧИТАЧКАТА КУЛТУРА МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ

Училишните библиотеки заземаат значајна позиција во дискусиите за учење и многу меѓународни студии ја потврдија позитивната улога што училишните библиотеки ја имаат врз образованието, поврзувајќи ги директно со подобрувањето на академските перформанси на учениците. Во однос на целите на училишните библиотеки, идентификувани се седум улоги што вклучуваат[1]:

1. Водење на настава и учење на информациската писменост низ наставната програма;
2. Соработка со наставниците за вградување на информациската писменост низ наставната програма;
3. Обезбедување обука за наставници и ученици;
4. Нудење погодна средина за истражување;
5. Овозможување пристап до широк опсег на ресурси;
6. Олеснување можности за прелистување и откривање; и
7. Стимулирање на самостојно учење.

Библиотеката, повеќе од кое било друго место, обезбедува идеална средина и витални информации и ресурси за учениците да развијат и одржат добри навики за учење неопходно за понатамошна академска работа.

Читањето им помага на учениците да асимилираат мисли и знаења за образовни цели. За учениците да бидат успешни академици, тие мора да негуваат ефективни навики за учење. Навиките за учење се начините на кои учениците сами учат. Учениците со лоши навики за учење треба да се охрабрат и често да ги посетуваат библиотеките уште од мали нозе, со цел да развијат соодветни и ефективни навики за учење.

---

[1] Chris E. Tralagba, Emmanuel E. Baro: *School libraries as catalyst for the development of reading culture among students*, Information Impact Journal of Information and Knowledge Management, August 2018, p. 80

Неуспехот на учениците да ги користат училишните библиотеки и нивните ресурси за да ги прошират своите навики за учење негативно влијае на нивните академски перформанси.

## 3. УЛОГАТА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

### 3.1. Дигитална писменост

Дигиталната писменост ги опфаќа вештините, знаењата и компетенциите потребни за навигација и ефективно вклучување во дигиталниот свет. Вклучува пристап, разбирање, евалуација и создавање дигитална содржина користејќи различни технолошки уреди и платформи. Дигиталната писменост повлекува технички вештини, критичко размислување, способности за решавање проблеми и етички размислувања во дигиталните средини. Поединците со дигитална писменост можат да користат дигитални алатки и технологии за да пристапат до информации, да комуницираат, да соработуваат и да создаваат содржина за лични, академски и професионални цели.

Еден фундаментален аспект на дигиталната писменост е пристапот до информации преку дигитални средства. Ова вклучува знаење како да користите пребарувачи, бази на податоци и онлајн библиотеки за да најдете релевантни и веродостојни информации. Исто така, вклучува разбирање како да се оцени кредибилитетот на изворите и да се направи разлика помеѓу доверливи информации и дезинформации или лажни вести. Дигиталната писменост бара познавање на користење на дигитални алатки и апликации за различни цели. Ова ги вклучува основните вештини како што се користење на процесори на текст, табеларни пресметки и софтвер за презентација, како и понапредни вештини како што се кодирање, мултимедијално уредување и анализа на податоци. Дополнително, дигиталната писменост опфаќа користење на алатки за комуникација како што се е-пошта, социјални медиуми и видео конференции ефективно за лична и професионална комуникација.

Друг клучен аспект на дигиталната писменост е критичката евалуација на дигиталните информации и медиуми. Во ера на преоптоварување со информации, поединците мора да бидат способни да ја анализираат и проценат точноста, веродостојноста и пристрасноста на дигиталната содржина. Ова вклучува разбирање на концептите како што се проверка на факти, проверка на изворот и медиумска писменост за одговорно да се движите низ комплексноста на дигиталните информациски пејзажи. Дигиталната писменост, исто така, вклучува размислувања за безбедноста на интернет, безбедноста и приватноста. Поединците мора да знаат за потенцијалните онлајн закани, како што се измамите со фишинг, малициозен софтвер, кражба на идентитет и сајбер безбедност. Тие, исто така, треба да разберат како да ги заштитат своите лични информации, да одржуваат поставки за приватност и да практикуваат безбедно однесување на интернет.

### 3.2. Улогата на библиотеките во промовирањето на дигиталната писменост

Библиотеките се наоѓаат во првите редови во промовирањето на дигиталната писменост, преземајќи клучна улога во обучување на поединците со вештини неопходни за навигација низ дигиталниот пејзаж кој постојано се проширува. Надвор од нивната традиционална улога како складишта на книги, библиотеките се метаморфозираа во динамични центри на дигитално учење и пристап. Во денешното општество, каде што владеењето со дигитални алатки и информатичката технологија е од суштинско значење, библиотеките служат како катализатори за премостување на дигиталниот јаз. Тие нудат бесплатен пристап до технологија, интернет конекција и образовни програми прилагодени на различни нивоа на вештини. Преку нивната посветеност на дигиталната инклузија и образование, библиотеките се појавуваат како незаменливи столбови за поддршка, обезбедувајќи секој да има средства да напредува во сè повеќе дигитално општество.

#### *3.2.1. Премостување на дигиталниот јаз*

Еден од најзначајните придонеси на библиотеките за дигиталната писменост е нивната способност да го премостат дигиталниот јаз. Во многу заедници, пристапот до технологијата и интернетот останува привилегија наместо право. Библиотеките ја пополнуваат оваа празнина со обезбедување бесплатен пристап до компјутери, брз интернет и дигитални уреди. За поединци на кои им недостасуваат такви ресурси дома, библиотеките служат како непроценливи порти за информации и можности, израмнувајќи го полето за играње и обезбедувајќи сите да имаат еднаков пристап до дигиталните алатки и ресурси.

#### *3.2.2. Зајакнување на доживотното учење*

Библиотеките долго време беа шампиони на доживотното учење, а во дигиталната ера, оваа посветеност само се интензивираше. Преку различни програми, работилници и сесии за обука, библиотеките им овозможуваат на поединците од сите возрасти да развијат основни вештини за дигитална писменост. Од основни компјутерски упатства за почетници, до напредни работилници за кодирање за аспиранти програмери, библиотеките нудат континуитет на можности за учење приспособени да ги задоволат различните потреби и интереси на сите луѓе. Со поттикнување на културата на љубопитност и истражување, библиотеките ги инспирираат поединците постојано да ги прошируваат своите дигитални хоризонти и самоуверено да се прилагодуваат на новите технологии.

#### *3.2.3. Негување информациска писменост*

Во ера на преоптоварување со информации и неконтролираното дезинформирање, способноста за критичко оценување и навигација со дигитална содржина е позначајна од кога било. Библиотеките служат како доверливи водичи во овој поглед, обезбедувајќи им на поединците пристап до мноштво дигитални ресурси додека ги учат како да разликуваат веродостојни извори од неверодостојни. Преку програми и иницијативи за информациска писменост, библиотеките ги опремуваат поединците со вештини да ја проценат точноста, авторитетот и релевантноста на информациите на интернет, давајќи им можност да донесуваат информирани одлуки и одговорно да се движат низ дигиталниот пејзаж.

### *3.2.4. Поттикнување на дигитално вклучување*

Дигиталната писменост не е само за пристап до технологијата, туку и за обезбедување на секој да има вештини и самодоверба за целосно искористување на својот потенцијал. Библиотеките играат клучна улога во промовирањето на дигиталната инклузија преку застапување за политики и иницијативи кои се однесуваат на системските бариери за пристап и учество. Со партнерство со локалните власти, образовните институции и организациите во заедницата, библиотеките работат на проширување на дигиталната инфраструктура, промовирање на достапноста и подобрување на иницијативите за обука за дигитални вештини, со што се обезбедува никој да не остане зад дигиталната револуција.

### *3.2.5. Промовирање на дигитално граѓанство*

Покрај основните дигитални вештини, библиотеките исто така играат клучна улога во промовирањето на дигиталното граѓанство. Дигиталното граѓанство опфаќа етичко однесување, одговорни онлајн интеракции и разбирање на дигиталните права и одговорности. Библиотеките нудат образовни програми и ресурси за приватност на интернет, сајбер безбедност, дигитален бонтон и авторски права. Со поттикнување на култура на одговорно дигитално однесување, библиотеките им помагаат на поединците да станат совесни и овластени дигитални граѓани кои позитивно придонесуваат за онлајн заедницата.

### *3.2.6. Поддршка на дигиталната креативност и иновации*

Библиотеките се инкубатори за дигитална креативност и иновации. Тие обезбедуваат пристап до алатки и ресурси кои им овозможуваат на поединците да ја истражуваат и изразат својата креативност во дигитални формати. Од студија за мултимедијална продукција опремени со софтвер за уредување видео, до 3D печатачи и комплети за кодирање, библиотеките нудат различни ресурси за поддршка на дигиталните експерименти и иновации. Со охрабрување на поединците да истражуваат нови технологии и да продолжат со креативни потфати, библиотеките инспирираат култура на иновации и претприемништво во нивните заедници.

### *3.2.7. Решавање на дигиталните нееднаквости*

Покрај премостувањето на дигиталниот јаз, библиотеките се занимаваат и со пошироки нееднаквости во пристапот до информации и можности. Тие признаваат дека одредени демографски групи, како што се поединците со ниски приходи, малцинствата и лицата со попреченост, може да се соочат со единствени предизвици во пристапот и користењето на дигиталните ресурси. За да се решат овие нееднаквости, библиотеките нудат специјализирани програми и услуги приспособени на потребите на недоволно опслужените популации. Преку целни иницијативи за достапност, адаптивни технолошки ресурси или културно релевантно програмирање, библиотеките се стремат да обезбедат сите членови на заедницата да имаат еднакви можности да развијат вештини за дигитална писменост и целосно да учествуваат во дигиталното општество.

### *3.2.8. Соработка и споделување знаење*

Библиотеките служат како центри за соработка и споделување знаење, здружувајќи поединци, организации во заедницата и локални бизниси за колективно да се справат со предизвиците за дигитална писменост. Преку партнерства со училишта, универзитети, непрофитни организации и владини агенции, библиотеките користат колективна експертиза и ресурси за да испорачаат сеопфатни иницијативи за дигитална писменост. Со поттикнување на соработка и размена на знаење, библиотеките го максимизираат нивното влијание и ефективност во промовирањето на дигиталната писменост во различни заедници.

### *3.2.9. Прилагодување на услуги за различни потреби*

Библиотеките ги препознаваат различните потреби на нивните клиенти и се стремат соодветно да ги приспособат нивните иницијативи за дигитална писменост. Тие нудат персонализирана помош и поддршка на поединци на кои им е потребна дополнителна помош за развој на дигитални вештини, како што се постарите, имигрантите или лицата со попреченост. Библиотекарите се обучени да обезбедуваат насоки еден на еден, адаптивни технолошки ресурси и достапни материјали за да се осигураат дека секој, без оглед на нивното потекло или способности, може да пристапи и да има корист од програмите за дигитална писменост.

### *3.2.10. Зајакнување на економските можности*

Дигиталната писменост е тесно поврзана со економското зајакнување, бидејќи владеењето на дигиталните вештини отвора многу можности за вработување и претприемништво. Библиотеките ги овластуваат поединците да ги следат економските можности преку обезбедување на помош за барање работа, работилници за градење резимеа и програми за обука за претприемништво. Преку партнерства со локални бизниси и агенции за развој на работна сила, библиотеките ги поврзуваат поединците со можности за работа, програми за обука и ресурси за да им помогнат да успеат во денешната дигитална економија.

### *3.2.11. Негување на дигитални заедници*

Библиотеките служат како живописни центри на животот во заедницата, здружувајќи ги луѓето за да се поврзат, соработуваат и да споделуваат идеи. Во дигиталната ера, библиотеките негуваат онлајн заедници преку платформи за социјални медиуми, онлајн форуми и виртуелни настани. Тие опфаќаат дигитални содржини и ресурси кои ги одразуваат интересите и потребите на нивните заедници, создавајќи простори каде што поединците можат да се вклучат меѓу себе, да споделуваат знаење и да учествуваат во значајни дискусии. Со негување на дигиталните заедници, библиотеките поттикнуваат чувство на припадност и колективно зајакнување меѓу поединците, збогатувајќи го социјалното ткиво на нивните заедници.

### *3.2.12. Застапување за дигитални права и пристап*

Библиотеките се цврсти поборници за дигитални права и пристап, осигурувајќи дека секој може слободно и правично да пристапува и да ги користи дигиталните информации и ресурси. Тие се залагаат за политики кои промовираат отворен пристап до информации, ја штитат приватноста на корисниците и ги штитат дигиталните

слободи. Библиотеките, исто така, работат на решавање на прашањата за дигиталната цензура, неутралноста на мрежата и управувањето со дигиталните права, залагајќи се за политики кои ги поддржуваат принципите на интелектуална слобода и пристап до информации во дигиталната ера.

### *3.2.13. Иновации во иницијативите за дигитална писменост*

Библиотеките постојано иновираат и ги прилагодуваат своите иницијативи за дигитална писменост за да одговорат на потребите и предизвиците што се развиваат во дигиталната ера. Тие експериментираат со нови технологии, методологии на настава и формати на програми за да ги ангажираат патроните и да ги подобрат резултатите од учењето. Од работилници за виртуелна реалност до кампови за кодирање, библиотеките прифаќаат иновативни пристапи кон образованието за дигитална писменост, инспиративна креативност, љубопитност и доживотно учење во нивните заедници.

### *3.2.14. Заедничко истражување и создавање знаење*

Библиотеките го олеснуваат заедничкото истражување и создавањето знаење преку обезбедување пристап до дигитални алатки, ресурси и простори за соработка. Тие поддржуваат интердисциплинарни истражувачки иницијативи, проекти за дигитални хуманитарни науки и напори за создавање знаење водени од заедницата, поттикнувајќи соработка и иновации меѓу научниците, истражувачите и членовите на заедницата. Со тоа што служат како катализатори за заедничко истражување и создавање знаење, библиотеките придонесуваат за унапредување на стипендијата и збогатување на јавниот дискурс во дигиталната ера.

## З А К Л У Ч О К

*Библиотеките и библиотекарството претставуваат значаен сегмент од културата на едно општество и играат важна улога во градењето на личноста низ процесот на образованието. Библиотеката овозможува лесна и глобална достапност до информациите, нивно пребарување и зачувување, како и брз трансфер на знаења. Тие му овозможуваат на секој поединец пристап до широкиот и разновиден спектар на податоци, идеи, мислења.*

*Библиотеките се темел на писменоста бидејќи обезбедуваат пристап до знаење и ресурси кои се неопходни за развој на читачките и писмените вештини. Тие играат клучна улога во зачувувањето и преносот на културата и знаењето, што е основа за образованието и напредокот на општествата. Во светот кој брзо се менува, библиотеките продолжуваат да бидат важни институци во промоцијата на писменоста подржувајќи ги индивидуите и заедниците во нивниот пат кон учење и развој.*

*Брзиот развој на науката и на технологијата, а паралелно на тоа, и немерливо брзиот прираст на информации, доведуваат до значајна промена на*

*улогата и на позицијата на библиотеките, а со самото тоа, им се наметнуваат и посложени обврски и задачи. Доаѓа до процес на трансформација на библиотеките од класични библиотеки, чија главна задача е позајмувањето книги, во библиотеки како современи информациски сервиси, кои нудат брз и слободен пристап до информациите.*

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. Jurič, S. (1956), Pregled povjesti knjižnica, Zagreb, Kultura

2. Tralagba, E. Chris, Baro, E. Emmanuel: *School libraries as catalyst for the development of reading culture among students*, Information Impact Journal of Information and Knowledge Management, August 2018

3. Трпчевска, П. Е.: Потреба од забрзана трансформација: Дали традиционалната библиотека е пред колапс?, Библиотекарство, волумен 28 бр. 1-2 (2011), Скопје

4. MD. Ashikuzzaman: The Role of Libraries in Promoting Digital Literacy, достапно на: https://www.lisedunetwork.com/the-role-of-libraries-in-promoting-digital-literacy/?utm_source=chatgpt.com

5. The Evolution of Libraries: From Ancient Scrolls to Digital Archives, достапно на: https://misslibrarian.blog/2024/11/07/the-evolution-of-libraries-from-ancient-scrolls-to-digital-archives/

6. The History of Libraries: A Journey Through Time, достапно на: https://fobbljax.org/2025/02/03/the-history-of-libraries-a-journey-through-time/

# Алтруизам и хуманиот пат на книгата

Иле Михајловски – одделенски наставник во

ООУ „ Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе

## Апстракт

Алтруизам – поим настанат пред околу 195 години благодарение на Огис Конт. Низ годините не изгубил на своето значење, напротив се надоградувал и калел не само како лична карактеристика на поединецот, туку како модел на просоцијално општествено однесување. Однесување кое обично се опишува како „несебично“, затоа што интересите на другите се ставени над сопствените интереси. И токму со ваквото објаснување, алтруизмот има длабока исконска поврзаност со хуманоста. Заедно проткаени овие два поими го афирмираат достоинството на човекот, неговата вредност најмногу низ призмата на неговите акции и однесување со и кон другите. Во фокусот на овој труд (или приказна) ќе се обидам да ја објаснам токму оваа нишка помеѓу алтруизмот и хуманоста каде секој поединец може да направи голема разлика, да биде мотиватор, провокатор, пример кој ќе повлече други примери. И сосема неважно кој е поединецот по име и презиме, туку каков пример дал во заедницата и какви биле неговите залагања. Пример кој најважно од се, има свој почеток, свој пат,

целни групи и свој крај. Она што најмногу го мотивира поединецот е крајот, ефектот и трајноста на примерот кој го дал во заедницата. Особено кога примерот е книгата да ја доближи што е можно поблиску до децата, да ја направи достапна и таму каде станува реткост.

**За детето кое многу ги сакаше книгите**

Да почнеме не од поединецот, туку од детето кое многу ги сакаше книгите. Марко уште доста мал, сам ги научи буквите и читањето неколку години пред да биде прваче. Кога тргна во училиште го откри светот на книгите. Пиеше знаење од нив, но жедта беше преголема. Книгите во училиште не беа доволни за да ја намалат жедта која ја чувствуваше. Набргу го откри кралството за кое не знаеше дека постои. Училишната библиотека беше местото каде тој се чувствуваше крал, а книгите неговиот народ. Секој ден се грижеше за нив, ги читаше една по една, често навечер криејќи се од неговата мајка. Ден по ден, месец, година, Марко меѓу полиците се чувствуваше и среќен и свој. Откриваше нови светови, патуваше, сонуваше. По неколку години, од поголемите ученици дозна дека во градот има поголемо кралство од неговото – градската библиотека. Решителен, веднаш отиде да го запознае кралството. Очите му беа полни радост и воодушевување кога навистина заклучи дека ова кралство е стотина пати поголемо од неговото. Бибилиотекарките му беа добрите вили кои секојдневно му даваа книги, му откриваа нови светови, а тој пиеше секој ден од новиот извор кој го правеше пресреќен.Минуваа години, Марко растеше со радост и запрепастен колку е големо новото кралство. Добрите вили го гледаа секојдневно истиот жар во очите кога враќаше една, а земаше нова книга. Таков жар долго време не беа виделе во очите на едно дете. Детето растеше, добрите вили беа тука за него секогаш со насмевка. Но, жедта наместо да згаснува се повеќе раснеше во Марко. Затоа, еден ден праша една од добрите вили, дали би можела да му изнајми повеќе книги од една, затоа што често знаеше една да ја прочита во текот на денот, а не можеше да се врати во кралството, оти тогаш сите спиеја. Она што го направи добрата вила, нема да го заборави цел свој живот. Го викна Марко да се качат на вториот кат, отвори една врата и го повика да влезе. Кога Марко стапна во просторијата, занеме. Тој не знаеше дека целото негово богатство се криеше овде. Долги и високи полици полни со книги, шарени, големи. Добрата вила му рече дека може слободно да разгледа и да си земе

неколку книги за тој ден. Радоста на Марко беше преголема. Ова ново кралство Марко го посетуваше секојдневно, денови, месеци и години. Но, Марко не знаеше дека добрите вили секојдневно водеа белешки колку книги зема и враќа секој ден. Еден ден, добрата вила реши да го провери Марко. Кога дојде пред неа да ги врати книгите, таа му рече дека повеќе не може да му даде книги, затоа што само ги зема и ги враќа секој ден. Марко се стаписа, со солзи во очите и грутка во грлото. Занеме, стоеше долго без збор да изусти. И одеднаш, од неговата уста излезе лавина од зборови која не можеше да се сопре. Марко почна да ја раскажува книгата до најситен детал, како напамет да ја научил. Кога престана и погледна во добрата вила, виде како солзи и се слеваат по образите. Таа излезе, силно го гушна и побара прошка од Марко. А Марко, тој сеуште беше збунет и преплашен дека нема веќе кој да се грижи за книгите, за неговото кралство. Следните пет години Марко сосема заслужено, од водењето белешки на добрите вили, земаше редовно награди за најмногу прочитани книги во годината.
Марко порасна, од дете, момче, од момче стана зрел маж, а добрите вили со иста љубов го гледаа секој ден. Иако веќе остарени, за него беа истите кога ги виде првиот ден кога влезе во градската библиотека.

## Учителот со сјај во очите

Марко порасна, одамна веќе не е дете. Тој стана учител, и дури и да го прашаш дали тоа му беше најголемата желба, тој само ќе ги кренеше рамениците. Ама сјајот во неговите очи кажуваше се. Се она што со зборови не може да се раскаже. Првата година работеше во подрачно училиште во едно село. Во ходникот во училиштето стоеше еден стар шкаф со стаклени врати, а на полиците во шкафот само неколку книги. Стари, полни прашина, некои со искинати корици, некои премногу оштетени. Иако имаше само пет ученици, на паузите сакаше своите ученици да ги запознае со нови светови, нови приказни, ама овде немаше ништо. Еден ден, стана рано, го извади куферот и почна да ги празни полиците со книги од дневната соба. Не чувствуваше дека се простува со нив, беше среќен дека ќе ги однесе во празниот шкаф во ходникот во училиштето. Кога стигна во училиштето, го отвори шкафот, ги пребриша полиците од прашина и почна да ги реди книгите. Откако заврши, го затвори шкафот и погледна низ стаклените врати. Очите му сјаеа, срцето полно радост, душата преполна. Веќе следниот ден, со учениците седеше во училницата им читаше од книгите, а кога дојде пролетта седеше во дворот во зелената трева со своите ученици и им читаше со иста љубов како тој кога беше дете во градската библиотека.
Минуваат години, Марко е учител во основно училиште во градот. Се менуваат генерации ученици, со истиот сјај во очите ги поучува и учи најмалите, кои од година во година му растат пред очи и пијат од неговиот

извор. Сите години учителствување, тој не дозволува да згасне жедта за знаење кај ниту еден од своите ученици. Често знаеше кога ќе се сретне со свои ученици, веќе возрасни и зрели луѓе, да седне, да прераскажува со нив случки од нивното детство, и баш така ненајавено од ранецот да извади нова книга и да ја даде подарок на некој од нив.  Имаше инстинкт да препознае на кој од нив треба да подари книга. Уште подлабок беше инстинктот, знаеше токму која книга треба да ја подари. За возврат не бараше ништо, освен кога подарената книга ќе ја прочитаат, на следното видување да поразговараат за книгата. Многу такви средби се случија. Најголемата радост на Марко беше кога не мораше да зборува дали книгата ја прочитале, тој гледаше во нивното однесување и постапки дека ја „испиле“ книгата. Гледаше со очи полни љубов што ете, токму тие, неговите ученици му дозволиле да ги допре таму каде во тој момент најмногу требало. А знаеше да ги чепне без да знаат, умееше да им прочита тага, слабост, осаменост, несигурност. И наместо да им „соли памет“ со совети, тој одбираше да им подари книга. Неговата мајсторија беше да ја подари најпотребната за секој од нив. И нескромно, знаеше дека му успева.

## Пандемија- затворени кралства

На светот му се случи пандемијата. Се затворија училиштата, градинките, библиотеките, секаде се гледаа само затворени врати. Улиците празни, децата и возрасните дома, преплашени од новата сегашност. Марко како и многу наставници ширум државата со своите ученици имаше онлајн настава. Му недостигаше училницата, џагорот, веселите лица на учениците. Тешко прифаќаше да ги гледа од мониторот на лаптопот како ликови затворени во мали кутии. Требаше да обработуваат лектира следниот месец, но се соочи со проблем. Марко и учениците знаеја дека библиотеките се затворени, лектирите не беа достапни за учениците. Новата сегашност и за него беше голем предизвик. Со самиот почеток на пандемијата станот на Марко беше редовно преполнет со кутии училиштен прибор, копјутери, таблети, лаптопи, затоа што редовно правеше хуманитарни акции за оние на кои најмногу им треба, неговиот избор беа – ДЕЦАТА. Пакуваше и испраќаше пакети со месеци, пречекуваше донации од странство, истите ги распределуваше и препраќаше низ целата држава. Тој ден ги спакува пакетите кои требаше да ги испрати следниот ден. И како ги редеше кутиите во ходникот вадејќи ги од спалната соба, забележа една темнокафеава ташна во која чуваше компакт дискови. И очите светнаа силно! Остави се, ја зема ташната и ја отвори, брзо ги вртеше внатрешните

делови и дојде до она што свеста веднаш го детектираше кога ја виде ташната. Стоеше комплет едиција на дискови со аудио книги, голем број од нив лектирни дела.

Следните две седмици работеше ден и ноќ конвертирајќи ги дисковите во електронски формат. Иако Марко го користеше компјутерот за работа, го користеше и за редовно слушање музика од Интернет. Се соочи со нов предизвик, и иако никогаш не знаеше како ќе ја сработи целата работа, се храбреше во солидното познавање на англискиот јазик и вештините за работа со компјутер. Во текот на еден викенд тој креираше свој профил на Youtube каналот и ги прикачи сите аудио лектири претходно конвертирани во електронски формат на компјутерот. Марко успеа да прикачи 68 аудио книги и да ги сподели меѓу учениците, но и на своите профили од социјалните мрежи. Не поради популарност и допаѓања по социјалните мрежи, туку да им помогне на учениците во достапност на книгите во аудио запис, бидејќи библиотеките беа затворени. Како голем љубител на книги, Марко книгата ја сакаше во печатена форма, но ова беше борба со пандемијата на секој можен начин. Ова беше еден од тие начини.

Аудио книгите и ден денес се достапни на Youtube каналот за сите деца и возрасни, иако Марко секојдневно се труди и после толку години по пандемијата да ја развива љубовта кон книгите и читањето и на постпандемиските генерации ученици.

https://studio.youtube.com/channel/UCok-YTWG8__dFk6oX5SZSvg/videos/upload?filter=%5B%5D&sort=%7B%22colu

mnType%22%3A%22date%22%2C%22sortOrder%22%3A%22DESCENDING%22%7D




## 3000 книги – мали кралства таму каде ги нема, нови светови таму каде треба да се откријат

Сите работи кои Марко ги работи, ги работи од срце, со целосна посветеност и голема љубов. Често знае целото свое време да го посвети на она што го работи, но знае дека во сето сработено всадил љубов и дел од себе. И тоа го движи постојано. Го движи потребата да биде тука за секого, да помогне каде треба и колку може. А, токму тоа тркало никогаш не запира. Постојано движи, па колку и да треба Марко да плати со време, труд, кратење на сон. Оти научи да се полни и да се регенерира кога споделува. Годините хуманитарна работа се негов избор, колку и да се тешки, тој токму од нив добива сила за понатаму. Секоја насмевка која ја изнедрил кај некое дете кое имало потреба од помош, е тоа му е најголемата награда. Токму тие насмевки го држат витален, и најважно од се, му го чуваат сјајот во очите.

Пред 3 години, носејќи донации во училиштен прибор во едно подрачно училиште во едно село, Марко забележа дека во училиштето има основни услови за работа, но колку и да бараше со поглед, не забележа никаде полица или пак шкафче со книги. Во разговор со колешката откри дека поголем број од училиштата во руралните средини едвај имаат основни

средства и материјали за реализација на наставата, за книги воопшто нема. Наставничките најчесто носат свои кога има потреба, ги делат меѓу учениците за читање и најчесто се сведува на тоа.
Следниот ден Марко замина за Скопје да носи донација во училиштен прибор за децата без родителска грижа сместени во СОС „Детско село“. Веќе неколку години редовно им носи донации во прибор, новогодишни пакетчиња, облека... Ден претходно, Марко го најави и договори своето доаѓање со директорот и со една СОС мајка која беше таму кога Марко пристигна со донацијата. Откако ги растовари кутиите со училиштен прибор, се изгушка со дечињата кои веќе го познаваа. Седнаа во дворот на една од куќите во комплексот и со Моника, СОС мајка седнаа да се напијат кафе. Додека го пиеја кафето Марко ја праша Моника, дали дечињата имаат место каде да си играат, да бидат креативни. Таа му објасни дека во една од зградите во комплексот имаат една занимална во која децата најчесто се дружат, особено во зима, имаат телевизор, социјални игри и нешто книги и сликовници за читање. Кога го испија кафето Марко ја замоли Моника да ја види занималната. Топла просторија, сончева, но и со топли бои, украсена со детски апликации, шарен тепих, детски столчиња, софа за седење. На една полица под телевизорот имаше десетина детски книги. Откако ја разгледа занималната, излезе, се поздрави со Моника и тргна кон својот град. Си даде ветување во себе, една од следните донации да обезбеди книги за децата. Иако не знаеше како, освен што се надеваше на армијата добри луѓе кои секогаш му беа најсилната поддршка во секоја хуманитарна акција. Не знаеше ниту кога, ама кога срцето, душата и разумот сакаат, Марко беше сигурен дека ќе успее во намерата.
Неколку месеци подоцна неговата идеја и желба се оствариja. Марко успеа да обезбеди донација од 3000 книги, сите детски изданија, половина од нив и лектирни наслови. Преплавен од радост, со денови размислуваше каде се да ја подели оваа среќа. Во тие денови, често го преплавуваа моменти кога тој како дете за прв пат ја откри магијата на училишната и градската библиотека. Истовремено, во него размислуваше тоа дете, човекот и наставникот. И токму тоа тројство, дете, човек и наставник го направија конечниот список. Донацијата од 3000 книги Марко ја распредели и подели во 8 подрачни училишта во рурални средини каде немаше ниту К од книга, ниту К од кралство. Ги зголеми кралствата ( училишни библиотеки) во 3 основни училишта во неговиот град, а со останатите 400 книги го зголеми кралството во занималната на децата од СОС „Детско село“ и 100 книги спакува во новогодишни пакетчиња за децата од згрижувачки семејства сместени ширум државата. Акцијата траеше десетина дена, и иако преморен од товарење, качување, симнување, транспорт, тие денови Марко беше она мало дете кое се радуваше кога ќе влезеше во библиотека, ќе се поздравеше со добрите вили и ќе ја наполнеше ташната со книги. Марко сеуште е со полно срце од малите кралства кои ги подели во 8 подрачни и 3

основни училишта, и 400 нови светови кои ги посетиле и откриле децата од СОС „Детско село“ и децата од згрижувачките семејства.


umno.mk/anonimno-doniranite-2000-knigi-raspredeleni-vo-svetinikolskite-sela/

Вести Уметност Наука Образование Луѓе Свет Став Умно Умен поткаст ДОНИРАЈ

## Анонимно донираните 2.000 книги распределени во светиниколските села

ОД УМНО.МК 22 ноември 2021 ОБРАЗОВАНИЕ

Анонимна донација од дополнителни 1.000 книги пристигна во Свети Николе кај Иле Михајловски, одделенски наставник во основното училиште „Кирил и Методиј“. Поголем дел од вкупно 2.000 книги се дистрибуирани во подрачните училишта во селата: Мустафино, Кадрифаково, Амзабегово, Пеширово, Ерџелија, Црнилиште, Долно Ѓуѓанце и Горобинци.




umno.mk/anonimna-donacija-od-1000-knigi-pristigna-vo-sveti-nikole/

## Анонимна донација од 1.000 книги во Свети Николе

ОД УМНО.МК 10 октомври 2021 ОБРАЗОВАНИЕ

Илјада книги како анонимна донација стигнале кај Иле Михајловски од Свети Николе, наставник во основото училиште „Кирил и Методиј“. Михајловски со години спроведува хуманитарни и донаторски акции за помош на деца од семејства со социјален ризик во Свети Николе и регионот.

– Секоја добрина е доказ за човечност, емпатија, солидарност, алтруизам, а најмногу ме радуваат оние кои се наменети за децата! А овој чин на добрина ќе патува до сите подрачни училишта каде ќе ги збогатиме скромните библиотеки во селата Ѓуѓанци, Пеширово, Мустафино, Црнилиште, Кадрифаково… И додека како дете се радувам на донацијата, двојно повеќе ме радува фактот дека има луѓе кои мислат на децата – вели Михајловски.

Еве каде беа донирани  3000 книги :

ООУ „ Свети Кирил и Методиј“ – Свети Николе – 500 книги
ООУ „ Гоце Делчев“  Свети Николе– 400 книги
ООУ„ Даме Груев“  Свети Николе – 400 книги
Подрачни училишта :
с. Мустафино – 150 книги
с.Кадрифаково – 150 книги
с.Амзабегово – 150 книги
с.Пеширево – 150 книги
с. Ерџелија – 150 книги
с. Црнилиште – 150 книги
с.Долно Ѓуѓанце – 150 книги
с.Горобинци – 150 книги
СОС„ Детско село “ – 400 книги
Деца во згрижувачки семејства – 100 книги






35 МАЈ


ОМАЈОТ НА ВСЕЛЕНАТА
ЕПСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ
ЦРНИ И ЖОЛТИ
35 МАЈ
ПРВА ЉУБОВ

## Заклучок

**Овој труд, есеј во форма на неконвенционална приказна, не е приказна за Марко. Ова е повеќеслојна  приказна за љубовта кон книгата, алтруизмот и хуманоста. Ова не е приказна за кралства, туку реалност во осиромашувањето на библиотечните фондови особено во подрачните училишта во руралните средини, реалност на отсуство, а не присуство на книгата како извор на информации, знаења, нови светови кај голем број на деца особено од ранливи категории, каде книгата не е основна потреба, туку кровот над главата, храната и облеката. Реалност кога дигиталното време ја намалува читателската публика, особено детската и колку секој од нас треба да биде во улога на силен промотор на пишуваниот збор, развивање на љубов кон книгата и најважно од се, голема читателска публика кај децата.**

**Алтруизмот значи несебична грижа за благосостојбата на другите, ако го означува вашиот животен став кој вклучува несебичност, наклоност и љубов кон другиот и секогаш подготвеност да се помогне без никаков надомест или награда. Хуманоста е длабоко проткаена со алтрузимот, ја менува својата форма според целта и таргет групите, но не и својата силата и импактот кој го остава зад себе. Помагањето не значи само потреба за храна, сигурност, дом, туку значи јакнење на духот, будење на човекот во себе. Тоа будење, значи будење и на другите околу себе, споделенета љубов, значи раѓање на нова љубов. Затоа, ова не е приказна за Марко, туку за љубовта кон книгата која била двигател во неговиот живот и споделување на токму таа љубов кон сите во неговиот живот, најмногу неговите ученици,**

**Алтруизмот и хуманоста во неговата хуманитарна работа, нашле хуман пат да возобнови мали и скромни училишни библиотеки во подрачни училишта во рурални средини, да го зголеми библиотечниот фонд во 3 основни училишта и да ја доближи книгата на ранлива категорија на деца каде истата не е приоритет. Ако тој успеал толку колку што можел, замислете само колку можете ВИЕ!**
**Затоа сите приказни кои станале реалност, а биле исклучиво водени од хуманоста и алтруизмот, треба да се раскажуваат и пренесуваат, никако за некого да фалат, туку за да мотивираат и продолжуваат.**